Петар Хр. ИЛИЕВСКИ

ГЛАГОЛИЦАТА – ПРВА СЛОВЕНСКА АЗБУКА, АЗБУКА НА ОХРИДСКИОТ КНИЖЕВЕН ЦЕНТАР

„и сътвори имъ л҃ писмена и осмь, ѡва оубо по чиноу
гръчьскыхь писменъ, ѡва же по словѣньскои рѣчи“
(Црноризец Храбар)

Основни принципи врз кои е составена глаголицата

1. Без малку 200 години, почнувајќи од Добровски[1], *глаголицата* е предмет на постојани задлабочени студии, во кои клучно и незаобиколно место заземаат прашањата за нејзиното *потекло, начинот* како била составена и обидот за *востановување на нејзината првобитна форма*. Поради фактот што нема сочувани автографи ниту подолги текстови од IX век, а само малубројни стари епиграфски споменици и подоцнежни преписи од преписи на преведени текстови, не постари од крајот на X и почетокот на XI век, неизбежни се спекулативни претпоставки при обидите за реконструкција на првобитната глаголица. Има поплава од различни хипотези со претенција дека ги решиле горните проблеми, а такви тези продолжуваат да се множат и денес, главно, врз основа на различни комбинаторики и преку критички осврти, корекции и дополнувања на теориите познати од порано. Често се прераскажуваат познати работи.

Со досегашните систематски истражувања правилно се објаснети многу нешта во врска со потеклото и начинот како е создадена глаголицата, но остануваат уште спорни прашања што чекаат одговор. Затоа во последно време дури се и подзасилени студиите[2] на глаголицата како преку синхрони анализи на знаците така и преку широки културолошки и компаративно-историски ис-

[1] J. Dobrovský, *Glagolitica*, Prag 1807.

[2] Повременото откривање на стари глаголички споменици, како новите фрагменти од ракописите на синајскиот манастир Св. Катерина (*Синајскиот евхологиј, Синајскиот псалтир* и др.), и откритија на нови епиграфски споменици од североисточна Бугарија, го интензивираа интересот за глаголичкото писмо.

тражувања на епохата кога било создадено писмото, водејќи при тоа сметка не само за нацртот на одделните знаци, нивната гласовна вредност и општиот стил во кој се оформени, туку и за културната и идеолошка подлога во поширокиот регион на Балканот, Медитеранот и Блискиот Исток.

Една од најраспространетите теории за потеклото и настанувањето на глаголицата е т.н. Тејлор–Јагиќевата теза од крајот на XIX и почетокот на XX век[3], според која ова прво словенско писмо било создадено врз основа на византиско-грчкиот минускул од IX век. Иако имало изразени и сомненија во исправноста на оваа теза[4], сè доскоро таа се сметаше за суверена и беше најдолго поддржувана во научниот свет од слависти и историчари-византолози. И денес таа сè уште има свои приврзаници. Во последно време, меѓутоа, особено по студиите на V. Tkadlčík[5], П. Илчев[6], J. Vrana[7] и др., нејзините основи се сериозно разнишани и може да се каже дека е веќе надмината.

Како секоја азбука глаголицата е апстрактен графички систем, составен од знаци кои визуелно ги претставуваат елементите (гласовите) на еден, во случајов словенскиот јазик. Секој нејзин буквен знак е завршена целина, а сите земени заедно претставуваат единствен систем, така што таа е оформена од повеќе елементи во ист стил не по еволутивен пат, а со индивидуална творечка инвенција. Завршеноста на буквите, одделени едни од други, тесно ја поврзува глаголицата со унцијалот. Тие се овде оформени со куси цртички по строго определен канон во правец од горе надолу (вертикално или косо: ↓ ↙ ↘), никако обратно и, хоризонтално од лево на десно (→). Ни вертикалните, ни хоризонталните цртички никогаш не ги спојуваат крајните точки на буквената фигура меѓу горната и долната линија на редот или во ширина од левиот до десниот нејзин крај. Меѓу линиите на редот има замислена средна оска, па елементите се нанесуваат во квадратите на буквениот простор над или под оската според замисленият лик, сврзани за горната линија така што изгледаат дека висат одозгора надолу[8]. Тоа бара постојано подигање на раката или менување на

[3] I. Taylor, "Über den Ursprung des glagolitischen Alphabets", *Archiv für slavische Philologie,* 5, 1881, 191–192, 332; В. Јагиќ, „Глаголическое письмо“, во „Графика у славян“, *Энциклопедия славянской филологии*, 3/III, Ст. Петербург, 1911.

[4] A. Rahlfs, "Zur Frage nach der Herkunft des glagolitischen Alphabets", *Zeitschrift für vergleichende Sprachforschung* 45, 1913, 285–287; Е. Э. Гранстрем, „К вопросу о происхождении глаголической литературы“, *Труды Отдела древнерусской литературы*, 9, 1953, 427–442.

[5] "Das slavische Alphabet bei Chrabr", *Byzantinoslavica* 46, 1985, 106– 120, сп. и "Über den Ursprung der Glagolica", во H. Miklas, *Glagolitica.* Zum Ursprung der slavischen Schriftkultur, Wien 2000, 9–32.

[6] „Константин-Кириловата азбука и византийското писмо“, *Изследвания по Кирилометодиевистика*, София 1985, 61–95; сп. и *Кирило-Методиевска енциклопедия* I, 1985, s.v. *Азбуки,* 34–49; *Глаголица* 491–509.

[7] "Postanak i evolucija glagoljice", *Slavia* 56, 1987, 361–371.

[8] Сп. Th. Eckhardt, "Napomene o grafičkoj strukturi glagoljice", *Radovi Staroslovenskog instituta,* knj. 2, 1955, 59–91; *Azbuka,* Versuch einer Einführung in das Studium der slavischen Paläographie, Wien – Köln, 1989; В. Штефаниќ, „Првобитно словенско писмо и најстарата глаголска епиграфика“, *Словенска писменост*, 1050-годишнина од смртта на Климент Охридски, Охрид 1966, 13–30; сп. и *Slovo* 18–19, 1969, 7–40.

дуктусот според установените правила: одозгора надолу и одлево надесно. Буквите се претежно исправени и добро балансирани, што остава убав естетски впечаток. Буквената фигура не е поврзана со претходната и следната буква. На прв поглед паѓа в очи графичката самостојност на знаците и отсуството на меѓубуквени сврзувачки елементи, што е својствено за унцијалните писма, наменети главно, за свештени и свечени текстови.

Сосема поинаква е техниката во минускулот, којшто е брзопис. Таму буквата се изведува со еден потег независно во кој правец и веднаш се поврзува со следната буква. Заоблените форми во глаголицата, кои се јавуваат мошне често и во најстари сочувани текстови, даваат повод да се помисли дека ова писмо е минускулно, па некои автори[9] денес допуштаат дека глаголицата претставува некаков хибрид меѓу унцијал и минускул. Всушност, таа е сложен систем, се одликува со посебна оригиналност и не може да се сведе само на еден коефициент.

Одбележавме (в. горе гл. IV, т. 6) дека глаголицата е самостоен графички систем создаден со лично творештво на Константин Философ. Но тоа не значи дека тој не го користел вековниот опит од развојот на други писма, пред сѐ на грчкото. Би било неразумно да се одрекува грчко влијание врз создавањето на глаголицата, меѓутоа тоа не е ропско и механичко. Константин Философ уште во своето детство го усвоил грчкиот графички систем и со него пораснал. Свеста за поврзаноста на усната со писмената реч кај него била развиена врз основа на грчкото писмо и тоа не можело да не укаже влијание врз неговите сфаќања. А кога запознал и други писма, можел да ги види предностите на грчкиот алфабет. Од анализата на глаголичките букви подолу се гледа како се преземани идеи од грчкиот алфабет и како потоа се оформувани до непрепознатливост на нивните модели. Но големиот ерудит Константин-Кирил забележал и извесни недостатоци во грчкото писмо при предавањето на некои гласови кои во грчкиот биле променети за околу 1000 години по создавањето на алфабетот (в. горе гл. III, т. 4). Затоа се послужил со решенија и од други писма.

Не може да се одрече влијанието на семитското писмо, кое послужило за база на грчкото, но во глаголицата исто така се забележуваат заеднички црти и со други понови медитерански и кавкаски писма, создадени во христијанската епоха. Тој мудро ги прикрил или исклучил допирите со грчкото и латинското писмо, како што спомнавме погоре, но влијанието на семитското писмо наместа осетно се чувствува. Општопознато е дека нацртот на буквата *Ш* (Ш) е позајмена во иста форма и со иста фонетска вредност од *šin* (שׁ) во еврејската азбука. *Ц* (Ѵ) и *К* (Ⴑ) одговараат на еврејското *ṣ ade* (צ) и *qop* (ק). Еврејско влијание се забележува и во начинот како се пишуваат глаголичките знаци; тие висат на горната линија како семитските. Тоа е посведочено во најстари текстови со глаголица, на пр. во *Киевските* и *Синајските листови*. Слични паралели, на пр. во бројот на буквите, има со кавкаските азбуки (ерменската и грузиската). Па сепак, глаголицата е оригинална; никаде порано немало такво писмо. Таа е

[9] R. Marti – W. R. Veder, 2000, *Glagolitica*, 231.

плод на генијален ум којшто ја конципирал и оформил буквената конструкција врз солидни графички и филолошки поставки, водејќи сметка за основните принципи на азбучното писмо. Пронајдокот на азбуката, како што видовме, е долготраен и макотрпен подвиг на многубројни творци, а кога била дефинитивно создадена, таа станала најкорисно постигање на човечкиот интелект. По зборовите на Исак Тејлор[10], потцртани во почетокот на неговата двотомна студија: „оформената азбука одеднаш станала триумф, инструмент и чувар на прогресот на нашата раса“. Со такви предности се стекнале и Словените кога Константин Философ ја составил глаголицата.

Идејна подлога на глаголицата

2. Глаголицата, меѓутоа, не може да се третира како изолирана појава без да се води сметка за културно-историските прилики на времето. Сосема е природно во писмото да се очекува одраз на елементи од идеолошките погледи што го мотивирале неговиот творец да го создаде токму во таква форма. Со сфаќања од XXI век тешко можат да се разберат мотивите од кои се раководел инвенторот на глаголицата во половината на IX век. При една подетална анализа на знаците може да се види дека во глаголицата е длабоко втиснат печат на времето кога била таа оформена, имено по поразот на иконоборството (843), кое во продолжение на претходните два века предизвикувало тешки потреси со трагични последици не само во Црквата, а и во сите слоеви на Византиската империја. Симболизмот од секогаш имал широка примена во Источната христијанска црква, но особено бил силен во средината на деветтиот век по победата над иконоборството. Кога станува збор за ова време треба да се има предвид ентузијазмот и повишеното религиско настроение за иконично претставување на апстрактните догмати, што дотогаш било спречувано и жестоко казнувано. Познато е, пак, дека и самиот Константин Философ зел активно учество во борбата против оваа ерес. Според *ЖК* (гл. V), тој водел диспут со отстранетиот цариградски патријарх Јанис, иконоборец по убедување, којшто одрекувал ликовни претстави на Крстот и на светители[11].

Забележително е дека најголем број од глаголичките букви се образувани, исцело или делумно од три главни христијански симболи: *крст, триаголник* и *круг,* како што установи финскиот славист Г. Чернохвостов, ученик на В. Кипарски[12]. Оваа констатација беше веднаш прифатена од Јакобсон[13] и од

[10] I. Taylor, *The Alphabet* I–II, London 1883, 1–2.

[11] Сп. К. Куев, „Към въпроса за Кириловото пространно житие като исторически паметник“, *1100 години славянска писменост 863–1963.* Сборник в чест на Кирил и Методий, БАН, София 1963, 119–126.

[12] V. Kiparsky, "Tschernochvostoffs Theorie über den Ursprung des glagolitischen Alphabets", *Cyrilo-Methodiana* 1964, 393–400; – „О происхождении глаголицы“, *Споменица Климент Охридски,* по случај 1050-годишнината од неговата смрт, Охрид – Скопје 1966, 83–85. G. Tschernochvostoff, "Zum Ursprung der Glagolica", *Studia Slavica Finlandensia* XII, 1995, 141–150.

[13] R. Jakobson, "The Byzantine Mission to the Slavs", *Dumbarton Oaks Papers* 1965, 263, исто така наоѓа дека азбуката на св. Кирил била видлив симбол на литургискиот и литературниот јазик.

мнозина други филолози и историчари[14]. Според неа глаголицата, конципирана како свештено писмо, е видлив, литургиски симбол на христијанската вера, изразена на староцрковнословенски јазик. Влијанието од грчкиот алфабет по однос на редот, функциите, донекаде имињата и нумеричката вредност на буквите (в. подолу), е неспорно. Но во нацртот и на најпрепознатливите грчки букви, како: *г̄, ϑ, е, јоша, л, ш* и др., се преплетени елементи од спомнатите христијански симболи кои доминираат во глаголицата.

Од нумеричката вредност на буквите се гледа дека глаголицата започнувала со буквата *А,* претставена во вид на крст (✠)[15]. И други графички системи започнувале со нешто најхарактеристично за народот, одн. неговата култура и религија. На пр. феничанската азбука, која била приспособена и за грчки јазик, – со *'ālep* ( )), стилизиран знак на биковска глава (во грчката азбука, *алфа* А, свртена наопаку), претстава на египетскиот бог Апис, персонифициран во ликот на светиот бик од Мемфис. Критските линеарни А и Бе силабични писма започнуваат исто така со слогот *А*, претставен како двојна секира (⊤) – симбол на Лабиринтот во Кнос. Што има поприродно од тоа, христијанска азбука да започнува со *крсш*, како и секоја работа на христијанинот што започнува со крсниот знак? Крстот е најсинтетичниот израз на христијанската религија. Тој го заменува ликот на Христа, распнат на него. Преку овој симбол се шири идејната содржина на христијанството: догматското и етичкото учење, а има и естетско воздејство врз христијаните. Крстот е надворешен и внатрешен знак на свештени згради, цркви[16], манастири, гробови, свештени одежди и разни други црковни предмети (утвари) и не е случајно што луѓето се натпреварувале во украсувањето на крстот. Крстот се среќава и во други графиски системи како пиктограм, силабограм и буквен знак: во вавилонските клинописи тој е развиен од пиктограмот на птица, ваков знак се среќава во египетските хиероглифи, во

[14] K. Ericsson, "The Slavonic Alphabet a Credo", во *Das heidnische und christliche Slaventum,* Acta II Congressus internationalis historiae Slavicae Salisburgo-Ratisbonensis anno 1967 celebrati, Wiesbaden 1970, 105–120, потпирајќи се на погледите од Чернохвостов и пред сè од M. Samilov, "Das glagolitische Alphabet", пак таму, предлага симболично „дешифрирање" на знаците, како и во мистичкиот трактат *За г̄рчкиш̄е букви*, што му се припишува на св. Сава Палестински од VI век. Во тој дух продолжуваат да работат F. Vyncke и R. Detrez, "De l'origine et de la structure de l'alphabet glagolitique", *Orientalia Lovaniensia periodica,* 23, 1992, 219–250, кои, тргнувајќи од претпоставката дека глаголицата е свештено писмо, докажуваат дека Константин-Кирил не само со називот на буквите, а и со нацртот на самите знаци ги претставува богословските тајни за овоплотувањето на Синот Божји на симболично-мистичен начин. Авторите се свесни дека нивните толкувања се „доста произволни", што ја доведува под прашање научната вредност на нивната интерпретација. – Без лична изјава на творецот што точно подразбирал под знаците тешко е да се одгатнуваат неговите мисли, но христијанската симболика и семиотика во составувањето на глаголицата не може да се негира.

[15] Знакот на крстот се употребувал и во други, постари писма, сп.. J. Naveth, *Early History of the Alphabet,* Leiden 1982, 12. Но во христијанството крстот има посебна симболична важност и природно е тој да најде одраз и во писмо од христијанско време.

[16] На ѕидовите од Преславската тркалезна црква се откриени стотици врежани крстови, сп. А. А. Медынцева – К. Попконстантинов, *Наϑписи из Круглой церкви в Преславе*, София 1985, Таб. XXI и XXII, како и на археолошкиот локалитет во Крупишта на Брегалница, сп. Б. Алексова, *Еп̄ископ̄ијаш̄а на Брег̄алница*, Прилеп 1989, сл. 122, 135–143.

критско-микенските линеарни А и Бе слоговни писма, во кинеското сликовно писмо, во јапонскиот силабар и др. Во римско време крстот се сметал за симбол на срамна смрт, но во христијанството тој е средство преку кое христијаните стекнале спасение, знак по кој тие се препознавале за време на гонењата, а од времето на императорот Константин Велики – „оружие непобедимое“. Сосема е природно со тој знак да започне и писмото наменето за христијанизирање на Словените.

Не помалку значаен за христијанската симболика е и вториот знак, *тригоникот*. Тој е симбол на Света Троица, основен догмат на христијанското вјерују. Не случајно секое богослужение во Христијанската црква започнува и завршува со т.н. „трисвјатое“, молитва кон Света Троица[17]. Што претставувала, пак, Света Троица за Константин Философ, може да се разбере од неговите зборови пред тргнување на Сараценската мисија за диспут со учените исламски теолози кои го омаловажувале овој догмат (сп. *ЖК*, гл. VI): „Со радост ќе појдам за христијанската вера, зашто за мене нема ништо послатко на овој свет од тоа да умрам за Света Троица“. Христијанската вера овде јасно се сведува на Света Троица. И кога го испраќа во мисија кај Хазарите, императорот му вели: „иди, Философе, при тие луѓе (јудејски и мухамедански теолози), зборувај им и дај им објаснување за Света Троица“. Според житијата на Солунските браќа во чест и слава на Света и неделива Троица (“in nomine sancte Trinitatis et individuae Unitatis“)[18] била и Моравската мисија. Во оригиналните химнографски творби и на неговите ученици: св. Климент Охридски (во трипеснеците за Претпразненство на Рождесто Христово и др.), св. Наум Охридски (во канонот за ап. Андреј), Константин еп. Преславски (во трипеснеците од Посниот триод, Азбучната молитва и др), троичниот мотив е еден од најчестите. Природно е симболот на Света Троица, триаголникот, цел или делумно, да биде вплетен и во голем број глаголички букви. Наспроти Арија, којшто со своето учење го рушел овој догмат, св. Атанасиј Александриски ја дефинирал православната христијанска онтологија во рамките на троичноста и на евхаристичната теологија[19]. Такво вјерују исповедал и св. Кирил Солунски.

Третиот знак, *кругот* – симбол на бесконечност и совршенство, краен идеал кон кој треба да се стреми секој христијанин, исто така, цел или делумно е преплетен во голем број од буквите. Симболот на кругот за Константин-Кирил можел да има и теориско философско значење[20], но пред сè кругот во христијанството ги означува Божјите својства: совршенство и вечност. Така, глаголицата, образувана од вакви елементи, претставува систем на сакрални христијански симболи со цел да ја проповеда и нагледно христијанската вера.

[17] „...пресвѣтаꙗ троице, помилоуи насъ: господи, ѡчисти грѣхи наша: владыко, прости безакониа наша: свѣтыи, посѣти и исцѣли немощи наша, имене твоегѡ ради...“

[18] J. Ludvikovský, *Kristiánova legenda*, Praha, 1978, 12.

[19] Cf. J. Zizioulas, *Being as Communion Studies in Personhood and Church,* Crestwood, N.Y. 1977.

[20] Како професор по философија во Магнаурската школа тој не можел да не го знае учењето на Платон, Хераклит и питагорејците за сферичното движење во козмосот и какво високо значење му придавале античките грчки философи на кругот.

Спомнавме дека глаголичките знаци се до голема мера стилизирани и во нив човек може да си вообрази, речиси, сè што сака. Поради тоа субјективниот елемент при интерпретацијата на знаците е неизбежен. П. Илчев (о.с.), којшто установи дека *петелката* е основен и најзастапен елемент во глаголицата, (со исклучок на десетина букви: *а, б, е, к, и, с, јат, јаковиѳното х, ш,* таа се среќава во сите други), констатира дека триаголникот бил многу редок[21]. М. Чунчиќ од Старословенскиот институт во Загреб, пак обратно, открива триаголници секаде, и тврди дека првобитната форма на глаголицата била триаглеста[22], со мотивација дека триаглите се пишувале полесно од кружните облици. Се обидува да најде доказ за тоа во најстарите натписи со хрватска (далматинска) глаголица, како и во мозаичниот круг, поделен на осум еднакви делови со впишани два крста, пред влезната врата на старата црква Успение на св. Богородица од с. Врбник на Крк.

Меѓутоа, критериумот за лесно или тешко пишување не е битен за високосемиотично писмо какво што е глаголицата. Начинот на пишување во голема мера зависи од материјалот на кој се пишува и инструментот со кој се оформуваат знаците. Триаголниците, навистина полесно се исклесуваат на камен, отколку кружните линии. Но глаголицата не била наменета за врежување исклучиво на камен, а пред сè за пишување на пергамент, на кој со мали цртички уште како можат да се изведуваат и обли форми, какви што се содржат во голем број од буквите.

Има палеографи (како Ткадлчик, Илчев и др.) кои ја отфрлаат тезата на Чернохвостов и Кипарски со образложение дека некои знаци од глаголицата не можат да се објаснат со овие христијански симболи. Наместо крст, триаголник и круг, факт е дека има букви кои содржат четириаглести, овални и полукружни форми. Во современата славистичка наука провејува тенденција да се сведе сета азбука само на еден принцип. Обично се зема грчкото писмо како појдовна точка и секаков друг фактор се исклучува, но има знаци кои не можат да се објаснат без натегање врз основа само на овој принцип. Во последно време се отиде премногу далеку во упростувањето на глаголицата и сведувањето на целиот систем само врз една основна (идеална) форма, модул-генератор.

Графичкиот дизајнер Јончев[23] од Софија ја сведе глаголицата само на еден знак, *кругъ*, во кој е впишан еден крст со повлекување на вертикална и хоризонтална попречна линија и уште еден крст што ги сече правите агли хијастички, така што тие го делат кругот на осум еднакви исечоци, како спомнатиот мозаичен круг од с. Врбник на Крк. Тој не знаел за овој орнамент, на кој отпосле укажа Чунчиќ (о.с.). Според него крстот, почетната буква од азбуката, означува искупување, „Јас сум Господ“, „Алфа“, ‘почеток’, а кругот околу него „Омега“, т.е. бескрај, одн. вечност. Сите други букви биле оформени од ком-

[21] „Структурни принципи на глаголическата графика“, *Palaeobulgarica* IV, 1980), 2, 35.

[22] "The Oldest Croation Type of Glagolitic Script", *Journal of Croatian Studies,* vol. 36–37, 1995–96, New York, 19–52;

[23] В. Йончев – О. Йончева, *Древен и съвремен българ̀ски шрифт*, София 1982, 119–142.

бинацијата на овие исечоци со делови од кругот и крстот што го симболизираат целото христијанско учење. По објаснувањето на Константин-Кирил за ваквото длабоко теософско значење на писмото, Јончев претполага дека папата Адријан II дозволил употреба на глаголицата и во литургијата. Тоа е само една можна претпоставка.

Со својата теза Јончев ја сведува глаголицата на еден коефициент, а потоа со механичко и компјутерско делење на основната фигура-модел, се обидува да ја објасни сета нејзина разнообразност. Тоа е слободна интерпретација која не може да се потврди со конкретни факти. Всушност, творбата на Константин Философ е поставена на далеку посложена основа и подлабоко осмислена структура во органска поврзаност со христијанството.

Палеографите што ја истражуваат глаголицата категорички отфрлаат пиктографски знаци во неа. Но, со оглед на времето кога било составено ова писмо, знаци-симболи и со таква функција овде не можат наполно да се исклучат. Христијанските симболи се еден вид идеограми со апстрактна содржина. Таков пиктографски знак според акрофонскиот принцип е формата на буквата *Ч*, во вид на чаша (Ⱗⰰ), предмет неопходен за литургија. Во литургијата е сублимирано целото христијанство, а во *чашата (путирот)*, е кондензирана целата литургија. Во путирот се содржат даровите (хлебни честички од просфората и виното, тело и крв Христова), подготвувани во текот на целата служба, со кои се причестуваат верниците.

Колку и да е ризично човек да се потпира на симболиката, по однос на формите и гласовната вредност на некои глаголички букви, особено оние со почетна нумеричка вредност од енеадите, спонтано се наметнува и една ваква интерпретација, без да се исклучат и други можности. Нумеричката вредност на глаголичките знаци, како што истакнавме (в. горе гл. III, т. 7) е во голема мера независна од византиско-грчката традиција на јонската нумерација. Во извесен број случаи таа се разликува поради додадените букви за специфичните словенски гласови (*б, ж, ѓ, ц, ч, ш, ь, ъ* и др.). Но творецот на глаголицата водел строго сметка да ги сочува основните вредности на почетните букви од четирите енеади: 1, 10 и 100 (*'alep*, ἄλφα, ⰰⰵⰶ; *yōd*, ἰῶτα, ⰻⰶⰵ; и ῥῶ, ⰿⱏⰻⰽ), кон кои додал и знак за 1000 со словенскиот глас *Ч*. Овие четири важни елементи од нумеричкиот систем со буквена нотација, главни столбови-носачи на глаголичката азбучна конструкција, наедно тесно се поврзани и со христијанскиот мироглед. За 1, 10 и 100 употребил букви со исти гласовни вредности како и во грчкиот и феничанскиот алфабет. Меѓутоа, нацртот на овие букви во глаголицата е значително променет и при една подетална анализа во нив се открива длабока христијанска симболика и семиотика.

За првиот знак (ⰰ = 1), ⰰⰵⰶ, во вид на *крст*, со кој започнува азбуката, веќе кажавме какво значење има во христијанската религија.

Вториот знак со бројна вредност 10 (ⰲ), е сложен монограм, фигура двојно балансирана графички: вертикално со два триаголника и хоризонтално

со две окца што напомнуваат на двете точки од грчката ἰῶτα – иницијал на Ἰ(ησοῦς) Ⰻⱄⱁⱆⱍ. Истовремено буквата *I* има и двојна гласовна вредност: на вокалско *i* и полувокалско *j*. Ова утроено двојство може да ја симболизира двојната природа на *Богочовекот Христа*, во Кого, според православното христијанско учење се „неслитно и неразделно споени Божествената и човечката природа“. Вкрстените коси црти што се сечат на средина при оската на редот, ја образуваат грчката буква *khei* (Χ) иницијал на *Христос*.

За 100 е употребена буквата ⰱ, ρьцн, ῥῶ. Од латинската транскрипција на почетната грчка буква ῥῶ со *rh* е јасно дека при нејзиниот изговор се слушал и еден приглас од ^{h} (spiritus asper). Формалните промени на *а, і* (и *ч*) на овие важни фонетски и нумерички знаци даваат повод да се запраша човек дали Константин Философ има внесено некаква промена и во *р* (ρьцн) освен што е ῥῶ во глаголицата вертикално свртено наопаку како во огледало? Спонтано се наметнува и прашањето дали се случајно или намерно доближени формите на глаголичките букви за x_1 (ⰻⰾ) и *р* (ⰱ)? Во нацртот на овие букви има варијанти. Во Минхенскиот *Abecedarium* тие доста се разликуваат. Петелката на X_1 поврзана со хоризонтална цртичка со буквеното стебло виси од оската надолу. Но во некои ракописи разликата меѓу нив е минимална. Петелката, која во двете букви се наоѓа на десниот долен крај од буквениот столб, во *х* (ⰻⰾ) е малку отворена, а во *р* (ⰱ) затворена. Проблематична е замената во азбучниот ред на X_1 (ⰻⰾ) и X_2 (ⰵⰵ) во *Abecedarium Parisinus* (в. долу т. 6). Сепак премногу смело би било да се тврди дека во буквениот знак со нумеричка вредност 100 имало лигатура на овие две букви (*Р* и X_1), така што да означува уште еден иницијал на ХР(истос) ‘месија, спасител’. Отсуството на автобиографски изјави и на писмени споменици од средината на IX век ги остава овие прашања без одговор во сферата само на спекулативни претпоставки.

За *Ч* (ⰷ = 1000) веќе спомнавме какво големо евхаристично значење имала *чашата (путирот)* во христијанскиот култ. Овде ќе додадеме само дека како знак со висока бројна вредност таа можела да означува словенско мноштво кое преку „*чашата на спасението*“ се причестува, т.е. присоединува кон Спасителот Христа.



Глаголички букви со почетна нумеричка вредност на енеадите
(технички оформил Р. Дуев)

Овие четири знаци подредени крстообразно, како во вињетки со кои се украсени некои ракописи, го претставуваат симболично целото христијанско вјерују, засновано на четирите евангелија (познати се повеќе евангелија, но каноност ги ограничил само на четири), а по страните што ги спојуваат овие точки (според дуктусот во нацртот на буквите ↙↘ ↘↙) можат да се нанижат сите букви од глаголицата во четири енеади.

Сите овие елементи изгледа свесно биле вклопени во единствен графички систем на глаголицата како типично христијанско, сакрално писмо, кое се одликува со голема целесообразност: да описменува и истовремено да просветува, т.е. да го проповеда христијанското учење и визуелно. Дали овие елементи биле вклопени во глаголицата токму на овој начин, не може да се тврди со сигурност. Тоа е само една возможна реконструкција. Но симболичноста, која играла важна улога во христијанскиот култ, не можела да не се одрази и во елементите вградени во глаголицата. При сè што егзактната наука сосема оправдано гледа со резерва на симболите и на нивната интерпретација, зашто не може човек да биде сосема сигурен дали авторот го мислел истото, со оглед на времето и околностите кога бил создаден овој графички систем, ваквото објаснување на нејзината идејна содржина и функција може да се допушти како една логична претпоставка[24].



Низа на глаголичките букви со нумеричка вредност на 4 енеади
(технички оформил Р. Дуев)

[24] F. V. Mareš, "Cyril – The Monastic name of Constantine the Philosopher", *Изследования върху историята и диалектите на бълг. език,* Сб. *К. Мирчев*, БАН, София 1979, 256–60, допушта дека не е случаен ни изборот на монашкото име *Кирил.* Тој претполага симболично значење на почетното *К* (Константин) и Кирил. Но интересен број се добива со збирот на нумеричката вредност од буквите во грч. алфабет: κ – 20, υ – 400, ρ – 100, ι – 10, λ – 30, λ – 30, ο – 70, σ – 200 = 860 – од рожд. Хр. – годините кога Константин извршил најзначајни дела. И ваквите кабалистички објаснувања не се ослободени од субјективизам. Освен тоа, прашање е дали св. Кирил тука би употребил грчка или глаголичка буквена нумерација.

Структура на глаголичкиот систем, ред и назив на буквите – abecedaria

3. Скудните на број и по обем стари споменици пишувани со глаголица откриваат разновидни графички и правописни варијанти во нејзиниот инвентар, поради што не е лесно да се востанови наполно нејзината структура. Интензивните проучувања на изворните текстови од познатите и новооткриени ракописи и натписи, особено на азбучници и азбучни стихови, во последниве неколку десетлетија придонесоа да се установат со висок степен на сигурност многубројни факти од најстарата фаза во развојот на ова писмо. Но поради оштетувања и празнини во спомнатите споменици, кои датираат, главно, од подоцнежно време, остануваат и спорни места кои бараат нови истражувања.

Глаголицата е сложена структура како од нејзината семантичка страна со богата христијанска симболика, така и од палеографска и лингвистичка гледна точка. Таа може да се разгледува како графемско-фонемски систем за словенски јазик, потпрен во значителна мера врз византискогрчки културни и писмени традиции, па затоа е неопходно да се води сметка за соодносот меѓу глаголицата и грчкото алфабетско писмо кое послужило како основа за нејзиното составување.

Истакнавме дека глаголицата е настаната во грчковизантиска културна средина која оставила длабоки траги и во новосоздаденото словенско писмо. Нејзината зависност од грчкото писмо најјасно се гледа од *редот* на буквите и нивните имиња. Глаголицата е оформена во истата шема како и грчкиот алфабет, но Константин Философ, користејќи вековен опит и од други писма, насекаде внесувал и нови елементи: ја менувал формата на грчките букви во духот на христијанската идеологија, додавал нови знаци за специфичните словенски гласови во истиот стил и така создал графички систем каков што порано нигде не се среќава. Во почетокот биле елиминирани грчките букви што немаат гласовна примена во словенскиот: Θ, Ξ, и Φ како и нумеричките знаци без посебна фонетска вредност во грчкиот: *stigma* (ς) од *sigma* + *tau* за 6, *qopa* (ϙ) за 90 и *sampi* (ϡ) од *sigma* + *pi* за 900.

Позајмените без промена грчки букви *theta (Θ)*, *ypsilon [ижица] (υ)* и *phi (φ)* за зборови од туѓо потекло, а во кирилицата и ξ за бројна вредност 60, се од подоцнежно време (*Ac.*, од крајот на X или почетокот на XI век). Отпрвин *tau* (ⰾⰾ) во глаголицата имало вредност и на безвучен дентал *t* и на аспириран *th*. Грчката *theta (Θ)* со променета форма е употребена во две глаголички букви: во ⰿⰾ *земја* (*З*), каде што од десната страна има додадена рачичка, и во ⰾⰿ *ф(о)рт*, каде што буквеното јадро на Θ е продолжено и стеснето, а од него хоризонтално по оската, или косо излегуваат две линии со обесени петелки; има случаи Θ да се употребува и наместо *Φ*.

Творечкиот однос на Константин при создавањето на глаголицата се покажува јасно при споредба со други составувачи-компилатори на писма. Улфила, на пример, за готската азбука преземал знаци од други писма во непро-

менета форма. Така, од 27 знаци во готската азбука 19 се позајмени од грчкиот алфабет, 6 од латинскиот и две се рунски. Улфила е, всушност само адаптатор на знаци од туѓи писма, а Константин Философ позајмените елементи и идеи ги пресоздавал. Подоцна и кирилицата како готското писмо е образувана со преземање на целиот грчки унцијален алфабет со мали адаптации и на 14, одн. 12 глаголички букви за словенските гласови, создадени од Кирил со многу смисла.

Називите на соодветните букви исто така не се копирани како грчките од феничанските. Грчките имиња на буквите се преземени од семитските во иста форма без да се знае нивното значење. Во глаголицата се следи истиот принцип, но називите се чисто словенски зборови. Само три се грчки за подоцна позајмените во иста форма, како што одбележавме горе, но со пословенети називи: Φ (φεῖ) > фрът < φέρτε, χ (χεῖ) > *heir* < χαίρε и *ижица* υ (*ypsilon) ükъ* < οἴκος, подоцна променето во укъ, што не одговара на нејзината фонетска вредност.

Во грчкиот алфабет називите на буквите се само именки во номинатив, а во словенскиот има секаков вид зборови: флексивни форми од именки, придавки, заменки, глаголи и неменливи – адверби, извици, со кои можат да се образуваат реченици како и во еврејскиот. Тие се дадени во стихотворна низа, полна со поучно значење: азъ, боуки, вѣди... т.е. „јас ги знам буквите, говори: добро е да се живее на земјата... “ итн. Така, во рамките на грчкиот алфабет вклучена е нова содржина. Имињата на словенските букви, како мнемотехнички средства, се од религиозната сфера и образуваат кратки реченици со поучна содржина[25].

Искажано е и мислење дека Константин-Кирил за оваа цел се послужил директно и од еврејскиот алфабет. Првобитниот дидактички стих Ж. Вереекен[26] го востановува врз основа на трактатот за алфабетот во пс. 118, со коментар во „Талмудот“, (*Shabaath* 104a), а тоа толкување веќе било преземено и од црковните оци и учители[27]. Тие ги преведуваат имињата на еврејските букви на грчки и/или латински и ги поврзуваат со содржината на соодветната

[25] Во класичната епоха и на грчки имало дидактички средства за полесно усвојување на азбуката. Во X кн. од *Deipnosophistai (Гозба на муѳреците)* од Атенеј (II век н.е.) сочувани се три фрагменти од една интересна комедија на комичарот Калија (живеел во средината на V. век пред. Хр.). Од сочуваниот текст се гледа дека комедијата била позната под наслов Γραμματικὴ θεωρία (*Граматичка претстава*). Артисти се 24 танчарки; секоја од нив претставува по една буква од грчката азбука (јонска варијанта од V век пред Хр.). Со извивање на телото и лежерна игра под звуците на музика, секоја од нив ја обележува и изговара буквата што ја претставува, а потоа со оние што ги застапуваат вокалите, образуваат слогови и зборови. Повеќе подробности за комедијата в. C. J. Ruijgh, "Le spectacle des lettres, comédie de Callias" (Athénée X, 453c–455b), *Mnemosyne* 54, fasc. 3, 2001, 257–355. Кај нас слична беше ТВ емисијата *Бушава азбука.*

[26] J. Vereecken, во „Названия глаголических букв и иудейско-христианская традиция“, *Palaeobulgarica*, 19, 1, 1995, 5–14, открива дека *Азбучната молитва* на Константин Преславски била инспирирана од Псалм 118, којшто е исто така напишан со азбучен акростих, но во јудејско-христијанска интерпретација, сп. *Slavica Gandensia*, 20, 1992, 121–139.

[27] Историчарот Евсевиј (IV век) во *Praeparatio Evangelica*, X, 5; XI, 6) за создавањето на алфабетот од легендарниот Феничанец Кадмо, слично и Бл. Јероним (IV век) во писмото „ad Paulum", со коментар кон пс. 118 и др.

строфа во псалмот. Името на буквата *’ālep* се објаснува со грчкиот збор μάθησις ‘учење’, лат. *doctrina*; *bet,* гр. οἶκος ‘дом’, лат. *domus*; *gimmel,* грч. πλήρωσις ‘полнота’, лат. *plenitudo*; *dalet,* грч. δελτίον ‘штичка за пишување, колона напишан текст’, лат. *tabularum*, или некој друг збор (*pauper, ianua, timor, nativitas* кај Бл. Јероним и Амвросиј Медиолански), со објаснување: „Црковното учење, т.е. Божјиот дом, се јавува во полнотата на Божествените книги“. Буквите претставуваат основни елементи на божественото учење и го просветуваат верникот со знаење на Божественото Слово. Творецот на глаголицата го знаел староеврејскиот, го усвоил принципот на азбучниот акростих, а потоа оформил текст со словенски зборови многу поуспешно отколку интерпретаторите на грчки и латински. Додека овие го предавале на грчки и латински само значењето, кај Кирил има и звуково поврзување со називот на буквите (сп. Vereecken, o.c. 9–14: ⱃⰔⰔ : *’ālep;* ⰔⰁⰃⱃⱁ : *thet*; ⰻⰵⱄⱅⱐ : *ḥē*; ⰶⰻⰲⱏⱅⰵ : *zayin* и др.).

Сето тоа го знаел и Црноризец Храбар и со право го поставува словенското писмо повисоко од грчкото: ⰱⱁⰳⱏ…ⱂⱁⱄⰾⰰ ⰻⰿⱏ (на Словените) ⱄⰲⰰⱅⰰⰳⱁ ⰽⱁⱀⱄⱅⰰⱀⱅⰻⱀⰰ �necr ⰽⱀⱃⰽⰻⰰⰾⰰ, ⰾⰶⰶⰰ ⰴⱃⰰⰲⰵⰴⱀⰰ ⰻ ⰽⱄⱅⱐⰽⰰ. ⰻ ⱐⱏⱅⱏⱃⱁⱃ ⰻⰿⱏ ⱔ ⰿⰻⱄⰿⰵ ⰰ ⰻ ⱁⱄⰿⱏ, ⱉⰲⰰ ⱁⱆⰱⱉ ⱂⱁ ⱆⰻ ⱁⱆ ⰳⱃⱏⱆⱏⰽⱏⱈⱏ ⰿⰻⱄⰿⰵ ⱏ, ⱉⰲⰰ ⰶⰵ ⱂⱁ ⱄⰾⱁⰲⱔⰽⱏⱄⱅⱔⰽ ⱃⱔⱆⰽ, ⱉⱅ ⱂⱃⱏⰲⰰⰳⱁ ⰶⰵ ⰿⰰⱐⰵ ⱏ ⱂⱁ ⰳⱃⱏⱆⱏⰽⱁⱆ, ⱉⰽⰻ ⱁⱆⰱⱁ *алфа*, ⰰ ⱄⱏ *азъ*, ⱉⱅ ⰰⰶⰰ ⰿⰰⱐⰰⱅⱏ ⱉⰱⱁⰵ. ⰻ ⰻⰽⱁⰶⰵ ⱉⰽⰻ ⱂⱁⰴⱁⰱⰾⱏⱎⰵ ⱄⰰ ⰶⰻⰴⱁⰲⱏⱄⰽⱏⰿⱏ ⰿⰻⱄⰿⰵ ⰵⰿⱏ ⱄⱏⱅⱃⱁⱃⰽⱏⱎⰶ, ⱅⰰⰽⱁ ⰻ ⱄⱏ ⰳⱃⱏⱆⱏⰽⱏⰿⱏ. ⰶⰻⰴⱁⰲⰵ ⰱⱉ ⱂⱃⱏⰲⱁⰵ ⰿⰻⱄⰿⰰ ⰻⰿⰰⱅⱏ ⰰⰾⰵⱷⱏ ⰵⰶⰵ ⱄⰰ ⱄⰽⰰⰶⰰⰵⱅⱏ ⱁⱆⱀⰵⰽⰽⰵ (Коссова, *Черноризец Храбър*, 116–118.

Текстот на трактатот *За буквите* од Црноризец Храбар[28] се содржи во 120 ракописи (cf. W. Weder, 1999), сите пишувани со кирилица во периодот од XIV до XVI век, но има неоспорни внатрешни докази дека првобитно тој бил напишан со глаголица, веројатно на крајот на IX век. При набројувањето на буквите според словенскиот јазик бројот 14 во ракописот од Московската духовна академија е предаден со $\overline{\text{аг}}$, останат од глаголичката нумерација. Да бил составен на кирилица, овој број ќе беше напишан $\overline{\text{ад}}$.

Долго е проучуван и анализиран од најпознати слависти текстот на овој мал по обем апологетски спис[29]. По однос на неговото редактирање со кирилично писмо, а наместа и содржинско пресоздавање, установени се две главни

[28] Овде не се запираме на прашањето за личноста на Храбар, досега многу често третирано. Претпоставката дека под тоа име се крие св. Наум Охридски, за што сме пишувале на друго место, сп. *Светила незаодни*, 186–187, овде би ја поткрепиле преку поврзувањето на името, одн. епитетот *Храбар*, на грчки ἀνδρεῖος со неговиот *Канон во чест на ап. Андреј*, каде што е потпишан во акростих ⱀⱀⱌⱁⱀ ⱀⰰⱁⱆⰿ, што покажува личен однос кон овој епитет поради потребата од таков квалитет на борците за словенска писменост.

[29] Сп. К. Куев, *Черноризец Храбър*, София, 1967; F. V. Mareš, "Hlaholice na Moravě a v Čechách" *Slovo* 21, 133–200; V. Mošin, "Još o Hrabru, slovenskim azbukama i azbučnim molitvama", *Slovo* 23, 1973, 5–71; А. Джамбелука-Коссова, *Черноризец Храбър о писменехь*, София, 1980; В. Д. Королюк – Б. Н Флоря, *Сказания о начале славянской письменности*, Москва 1981.

варијанти. Едната на Балканот со пополн текст, а друга во Русија[30] во скратена верзија. Препишувачите на двете преработки постапувале доста слободно кон текстот на споменикот, на што се должат многубројни внатрешни разлики. Сепак разликите меѓу одделните ракописи се, главно, од синонимичен характер. Според А. Дж. Коссова (о.с. 109), ако се исклучат двете спомнати преработки, ракописната традиција е хомогена и компактна. Авторитетот на трактатот бил обусловен од неговото големо значење на содржината која се однесува за првата словенска писменост. Тој авторитет ја зачувал творбата од радикални и своеволни интервенции на препишувачите, обезбедувајќи му истовремено потребни услови за интегрално предавање на првобитниот текст. И така, целокупната ракописна традиција на апологијата предлага „предаден текст“ (textus traditus), кому може да му се верува. Во него нема недопуштени погрешни читања. Ракописната традиција содржи установен, стабилен текст.

По подробните компаративни студии на ракописите Коссова предлага критичен текст со variae lectiones, возможно најблизок до првобитниот, којшто датира од крајот на IX или почетокот на X век. За основа на востановениот текст таа зема три најстари ракописи: Лаврентискиот, Московскиот и Чудовскиот (бр. 269), кои содржат полн текст и најмалку отклонувања во предавањето на текстот. Ф. Мареш (о.с. 148–152) се обиде да го реставрира Храбровиот список на буквите со глаголица на следниов начин[31]: писати и глашати: а҃, б҃, в҃... ѿ сихъ сѫть... , к҃д, даже до є подобна греѵьскымъ писменемъ. сѫтъ си:

ⰰ	ⰱ	ⰲ	ⰳ	ⰴ	ⰵ	ⰶ	ⰷ	ⰸ	ⰹ	ⰺ	ⰻ	ⰼ	ⰽ	ⰾ	ⰿ	ⱀ	ⱁ
а҃,	в҃,	г҃,	д҃,	є҃,	ѕ҃,	и҃,	і҃,	к҃,	л҃,	м҃,	н҃,	о҃,	п҃,	р҃,	с҃,	т҃,	

ⰼ (ⰽ)	ⰽ	ⰾ	ⰿ	ⱀ	ⱁ	ⱂ
оу҃ (ѵ҃),	ф҃,	х҃,	ѡ҃,	і҃,	ф$_2$,	х$_2$,

а по словѣнскоу ѩзъикоу. сиꙗ:

ⰱ	ⰶ	ⰷ	ⰸ	ⰹ	ⰺ	ⰻ	ⰼ	ⰽ	ⰾ	ⰿ	ⱀ	ⱁ	ⱂ
											(ⰾⱀ)		
б҃,	ж҃,	ѕ҃,	ђ,	ц҃,	ч҃,	ш҃,	ъ҃,	щ҃,	ь҃,	ѣ҃,	ѫ҃,	ю҃,	ѧ.

[30] Рускиот книжевник, „раководен исклучително од патриотски чувства и гордост“ си поставил една основна задача да му предложи на читателот податоци за создавањето на словенската писменост, изнесени во трактатот *За буквите*, без да го обременува расказот со вести што не придонесуваат многу за конкретната цел. Затоа информациите за споредбите меѓу еврејската, грчката и словенската азбука ги свел на минимум. Ги задржал само оние фрагменти од текстот кои придонесуваат за негирање на тезата дека грчката азбука ја надминувала словенската, сп. А. Дж. Коссова, о.с. 78–79.

[31] Зад ω Ф. Мареш ја допушта третата јота ⰲ, документирана во *Киевските листови* кои се сметаат за најстар текст на глаголица. На местото од пајаковидното *х* (ⰵ) претполага дека стоела грчката *thēta* (θ), но таа веќе била употребена во нацртот на *ф* ⰽ, делумно и во формата на *з* (земли) со бројна вредност 9.

Овие букви се среќаваат во текстови, од кои не може да се стекне претстава за гласовната вредност на буквите, за нивниот вкупен број и симболично значење. Истиот инвентар на букви, со извесни промени во азбучниот редослед и значителни лакуни е посведочен во т.н. азбучници (abecedaria), списоци на буквите според редот во азбуката, понекогаш придружени со додатни податоци за нивните имиња, бројната вредност и кирилична или латинична транскрипција. Тие, всушност, даваат и најсигурен клуч за реставрирање на првата словенска азбука со инвентарот на глаголичките букви.

Меѓутоа, азбучниците (abecedaria) имаат и некои недостатоци. Обично тие не содржат информација за звуковата вредност на буквите. Само во некои од нив (Париски абецедариум) покрај, одн. над буквите, се испишани и називите од кои се покажува и нивниот гласеж, Минхенскиот е со кирилична транскрипција, а Синајскиот со грчка и латинска. Азбучните акро-стихови (види подолу т. 4) во тој поглед даваат повеќе и посигурни податоци. Покрај фонетската вредност на буквите од нив дознаваме кои гласови не можеле да бидат почетни.

Ниеден од азбучниците не е зачуван во оригинална форма на глаголица. Некои, како на пр. кај Црноризец Храбар, азбуката ја содржат само во кирилична транскрипција. Освен тоа, повеќето алфабетски текстови потекнуваат од подоцнежно време, така што текстуалните промени и оштетувања биле неизбежни. Бидејќи алфабетските текстови се со апстрактна структура, составени од мали и независни знаци, писарите случајно изоставале по некој од нив, па ако потоа го забележеле, го додавале каде што не му е место, или повторувале една иста буква двапати. Колку повеќе се временски оддалечени од периодот на словенските апостоли, толку повеќе шанси имаат да подлегнат на различни промени. Азбучниците се разликуваат и според писарите што ги составиле. Нив можеле да ги напишат туѓинци или автохтони писари. Првите обично допуштаат повеќе грешки, а автохтоните се понадежни, како што забележува Р. Марти[32].

Досега се откриени дваесетина такви азбучни списоци на знаци што датираат од X–XVII век, со кружна, македонска и бугарска, и аглеста, бохемска и хрватска глаголица. Повеќето словенски азбучници се напишани од несловенски писари во несловенска средина, заедно со други алфабети, најчесто со грчки и еврејски. Р. Марти (1991) анализира 13 глаголички и кирилички азбучни списоци во несловенски, главно латински, ракописи кои се чуваат во западноевропски библиотеки и музеи, а укажа уште на 5 други помлади од Англија и еден од Унгарија. Сите тие биле напишани од несловенски писари. Се набројуваат само 4 од локални (словенски) писари: Преславски, Синајски и два во Хрватска (на Радослав и во еванг. од Чајниче). На посебна табела во синопсис

[32] R. W. Marti, "Slavische Alphabete in nicht-slavischen Handschriften", *Кирило-Методиевски Студии*, кн. 8, София, 1991, 139–164 + 20 фотографии; – "Abecedaria – a Key to the Original Slavic Alphabet: The Contribution of the Abecedarium Sinaiticum Glagoliticum", *Thessaloniki Magna Moravia*, Proceedings of the International Conference Thessaloniki 16–19 Oct. 1997, Thessaloniki 1999, 175–200; R. W. Marti – W. R, Veder, "Die Freiburger Diskussionsrunde zur Entstehung der Glagolica", *Glagolitica.* Zum Ursprung der slavischen Schriftkultur, Heraus-gegeben von Heinz Miklas, Wien 2000, 227–243.

даваме шест азбуки: четири со кружна глаголица, каква што била употребувана во Охридскиот книжевен центар, а од втората група на аглеста глаголица овде земаме еден Бохемски и еден хрватски – на Радослав (f. 57a).

1. *Преславски азбучник*, автохтон, на ѕидот од тркалезната Преславска црква, потекнува од крајот на IX или почетокот на X век, ги содржи почетните 18 букви од ⰰ (а) до ⰿ (п)[33] (види долу илустрација, сл. 20 од читањето на А. Медынцева – К. Попконстантинов).



Преславски азбучник
(според А. Медынцева – К. Попконстантинов, 1985, Таб. VII b)



Париски азбучник (според Ф. Мареш, *Slovo* 21, 1971)

2. *Париски азбучник*, во науката познат и под името *Abecedarium Bulgaricum,* потекнува од XI–XII век. Значаен е по тоа што над глаголичките букви се напишани со готска латиница и нивните имиња (в. горе илустрација 21); содржи 32 букви со 31 име[34], напишани од странец. Од ⰰ (*А*) до ⰾ (*Т*) буквите се предадени во нормалниот азбучен ред, само што недостига ⰿ (*Ѓ*) *ѓерв*; потоа редоследот е расипан и не секогаш буквите им одговараат на имињата. R. Marti (o.c., *Moravia Magna,* 184) врши замена на омега ⰱ (ω) со X_2, пајаковидното *х* (ⰲ) и забележува дека *hier* стои на местото од ⰱ (ω), поради нивната сличност.

[33] А. Медынцева – К. Попконстантинов, *Надписи из Круглой церкви в Преславе.* София 1985, 54. Со овој труд е надминато читањето на И. Гошев, во *Старобългарски глаголически и кирилски надписи от IX и X век*, Таб. III. Тој прочита 13 букви, а Медынцева – Попконстантинов додадоа уште пет други, вкупно (првите) 18.

[34] Подробен опис за овој азбучник даде F. V. Mareš, o.c., од каде што е преземена и приложенава илустрација.



Минхенски азбучници (според Ф. Мареш, *Slovo* 21, 1971)

3. *Минхенски азбучници (Abecedaria Monacensia)* – паралелно се дадени буквите прво со кирилица, потоа со глаголица, напишани од странец, подробно се анализирани од Трубецкој, Дурново, Мареш, Марти и мнозина други. Некои букви не се педантно оформени. Кириличната азбука е напишана според соодветната со глаголица по истиот редослед. Буквите од ⰰ (А) до ⰶ (ʒ), не се променети; ⰸ (ʒ) е оштетено, ⰻ (*I*) е слично на она од Парискиот азбучник, а ⰼ (*I*) што стои на 32 место од азбуката е правилно изведено; ⰾ (*O*) е заменето од буква што личи на долниот дел од латинското *O*; омегата е лошо оштетена; назалниот индикатор со вредност на мала носовка стои на свое место.

4. *Abecedaria Sinaitica* се сочувани во новооткриениот *Псалтир* со глаголица (*Sin. slav.* 3/N)[35]. Глаголичкиот азбучник, којшто е датиран со XII век, поради оштетеноста на пергаментот не е комплетен. Но независно од тоа, даден паралелно со други азбучници, тој значително ги збогатува научните сознанија за првобитната словенска азбука, како што констатира и Р. Марти (о.с., 186–200), којшто изврши подробна графолошка анализа на синајските азбучници. Азбуките се дадени на првиот и вториот лист од спомнатиот *Синајски псалтир*. Писарот D на првиот лист, р. 20 ја запишал грчката унцијална азбука, но паради оштетеноста на пергаментот има и лакуни:

20.	А В [Г]	[	] Н . К Λ М Н Ξ О П Р Σ
21. грчка и лат. азб.	[?] [Y]	[	] a b C d E f g h I K L
22. лат. и глаголичка	[?] n o	[	] s t u x y * ⰰ ⰱ ⰲ
23. глаголица	ⰳ ⰴ ⰵ [ⰶ]	[	] [ⰻ] ⰸ ⰼ ⰽ ⰾ ⰿ ⱀ ⱁ
24. "	ⰼ ⰽ ⰾ [ⰿ]	[	] ⱂ P_2 ⱃ ⱄ ⱅ ⱆ [?]
25. "			] ⱇ ⱈ ⱉ [ⱊ]

[35] I. C. Tarnanidis, *The Slavonic Manuscripts Discovered in 1975 at St. Catherine's Monastery on Mount Sinai*, Thessaloniki 1988, 91–100; „Το Σλαβιικό (γκλαγκολικό) αλφαβητάρι του Σινά“ во *Moravia Magna*, 165–173; сп. и R. Marti, o.c. ibidem, 186–194.

Писарот D добро го знаел грчкиот, послабо латинскиот, па друг писар, којшто подобро го знаел латинскиот, на вториот лист (р. 1 и 2) додава:

ред 1. a b c d e f g h i k l m n o p q r s

" 2. t u x y



Азбучникот на Радослав
(Според J. Hamm, *St.slav. gram.*, 1970, 20)

Кон овие 4 азбуки со кружна глаголица на приложената табела додаваме уште две со аглеста, под ред. бр. 5 Бохемска од околу 1300 год. според Ф. Мареш (о.с. 1971) и R. Marti – W. R. Weder (*Glagolitica* стр. 233–234) и Хрватска од Радослав (сп. J. Hamm, *Staroslavenska gramatika*, Zagreb 1970, str. 20–21).

бр.	*Пресл.*	*Париски*		*Минх.*		*Синај.*	*Бохем.*		*Рад.*
1	ⰰ	ⰰ	a:	ⰰ	а	ⰰ	ⰰ	az	ⰰ
2	ⰱ	ⰱ	bócobi	ⰱ	б	ⰱ	ⰱ	buki	ⰱ
3	ⰲ	ⰲ	uédde	ⰲ	в	ⰲ	ⰲ	vidi	ⰲ
4	ⰳ	ⰳ	glágoli	ⰳ	г	ⰳ	ⰳ	glagolje	ⰳ
5	ⰴ	ⰴ	dóbro	ⰴ	д	ⰴ	ⰴ	dobro	ⰴ
6	ⰵ	ⰵ	hiést	ⰵ	є	ⰵ	ⰵ	jeste	ⰵ
7	ⰶ	ⰶ	gíuete	ⰶ	ж	[ⰶ]	ⰶ	živite	ⰶ
8	ⰷ	ⰷ	zéllo	ⰷ	ҙ	[ ]	ⰷ	zelo	ⰷ
9	ⰸ	ⰸ	zémia	ⰸ	ҙ	[ ]	ⰸ	zemlja	ⰸ
10	ⰹ	ⰹ	íže	ⰹ	и	[ⰹ]	ⰹ	iže	ⰹ
11	ⰺ	ⰺ	ížei	ⰺ	і	ⰺ	ⰺ	і	ⰺ
12	ⰻ			ⰻ	ћ	ⰻ	ⰻ	je	ⰻ
13	ⰼ	ⰼ	cáco	ⰼ	к	ⰼ	ⰼ	kako	ⰼ
14	ⰽ	ⰽ	lúddie	ⰽ	л	ⰽ	ⰽ	ljudi	ⰽ
15	ⰾ	ⰾ	mustlíte	ⰾ	м	ⰾ	ⰾ	mislite	ⰾ
16	ⰿ	ⰿ	naš	ⰿ	н	ⰿ	ⰿ	naš	ⰿ
17	ⱀ	ⱀ	on	ⱀ	о	ⱀ	ⱀ	on	ⱀ
18	ⱁ(?)	ⱁ	pócoi	ⱁ	п	ⱁ	ⱁ	pokoj	ⱁ
19		ⱂ	recí	ⱂ	р	ⱂ	ⱂ	rci	ⱂ
20		ⱃ	cslóuo	ⱃ	с	ⱃ	ⱃ	slovo	ⱃ
21		ⱄ	tordo	ⱄ	т	[ⱄ]	ⱄ	trdo	ⱄ
22		ⱅ	hic	ⱅ	оу	[ ]	ⱅ	uk	ⱅ
23		ⱆ	fort	ⱆ	ф	[ ]	ⱆ	frt	ⱆ
24		ⱇ		ⱇ	х	[ ]	ⱇ	hir	ⱇ
25			ot	ⱈ	ѡ	ⱈ	ⱈ	ot	ⱈ
26			pe	P	п	P_2	ⱉ	šća	ⱉ
27		ⱊ		ⱊ	ц	ⱊ	ⱊ	ci	ⱊ

28		ѧ	čaraué	ѧ	ч	ѧ	ѵ	črv	ѵ
29		ш	ša	ш	ш	ш	ш	ša	ш
30		ѣ	hiér	ѳ	ь	ѳ	ї	jer	ѳ
				щ	щ	[ ]			
				ҁ		[ ]			
		ѳ	pellér	ѳ	ъ	[ ]			
31		ѧ	hiet	ѧ	ѣ	[ ]	ѣ	jat	ѣ
32				ѕ	ѕ	ѕ			
33				ѽ	ю	ѽ			
34				ѱ	ѫ	ѱ			
35		ѱ	iu : z	ѥ	ѧ	[ѥ]	ѿ	jus	ѿ
36		ѽ	hie	ѯ	ѧ		ѯ	je	ѯ

Во азбучните писма секоја буква има свое определено место во азбуката. Од компаративниот преглед на глаголичките азбучници меѓутоа, се гледа дека во нив има и извесни отстапувања. Така, на 22 место во Парискиот азбучник фигурира третото нже (ҁ), означено со називот *hic*, а во сите други – оу, оук, кое е усвоено во стандардната азбука на глаголицата.

Веднаш зад *ф(о)рт̄*, под ред. бр. 24 во Парискиот е дадено пајаковидното *хер*, одн. X_2, на местото од X_1, очигледно заменето со *омеѓа* (отъ). Од фонетско-графемската анализа долу (гл. VI, т. 1), како и од нивните имиња во азбучните текстови ќе видиме дека овие две форми на *X* имаат своја посебна гласовна вредност (X_1 меко *X* пред палатални вокали, а пајаковидното X_2, наречено и кај Храбар *хвъ*, со кое се пишуваат зборовите хвала, хоммъ, е со веларна вредност и соодветствува на грчкото χεῖ.

Под ред. бр. 26 во Парискиот *ре*, Минхенскиот и Синајскиот даваат *П*, одн. $П_2$, Бохемскиот *Шча*, а на Радослав *Ф*. Иако е од подоцнежно време, последниов дава клуч како да се разбере повтореното *П* (сп. ред. бр. 18 и 26). Всушност тука фигурирало $Ф_2$, со изговор на грчкото φ = *ph*, но бидејќи во словенскиот немало аспирација (сп. *Т* = *t* и *th*), од φεῖ останал само лабијалниот дел *П*, што е документирано и од графијата на *Пилиш* за Φίλιππος, во топонимијата од Западна Македонија *Ничпур, Ничпоро(в)о* од Νικίφορος во Мавровско, а προσφορά > *просвора* φ преминало во *В*.

Буквите под ред. бр. 33 и 34 ѽ, ѱ се заменети наспроти нивните кореспонденти во кирилицата ю и ѫ. На 35 место во Минхенскиот и Синајскиот абецедариум стои ѥ (ѧ), а во сите други ѱ (*jus*), а на 36 место во Минхенскиот,

Бохемскиот и Радославовиот, ѩꙗ, варијанта на ѧ. Во Парискиот недостига предната носовка, а завршува со задната ѫ, означена како *hie*.

Овие несогласувања постојано биле и сега се камен за препнување на интерпретаторите. Hamm (o.c., 12) претполага дека писарот на Парискиот азбучник пред себе имал азбука од некој македонски ракопис, а називите му ги диктирал некој директно од друг ракопис, па затоа некои од нив се запишани на погрешни места. Кај него нема *ѓерв*, буквата *ци* (ѵ) е наречена *ре*, местата на x_1 и x_2 се заменети, а второто е смешано со *омеѓата*.

Во нормализираната глаголичка азбука исто така има мали неслагања. Со цел да го усогласат фонетскиот со нумеричкиот систем Трубецкој и Мареш ја одбележуваат големата носовка ѫ само со првата половина од лигатурата без знакот за назалност. Таква форма за ѫ во ракописите не е употребена, па затоа ние овде ја исклучивме од списокот.

Составот на глаголицата со азбучниот редослед на знаците појасно се гледа од азбучните текстови.

Азбучни текстови

4. *Фонетска вредност на знаците одразена во азбучни молитви и други текстови со акростих.* – Освен од азбучници структурата на глаголицата може да се реконструира и од азбучни молитви и други азбучни текстови (тропари) кои се сочувани само во транскрипција на кирилица. Стихирите во алфабетски акростих, кои се слободни поетски творби со одредена тематика (Рождество Христово, Богојавление и др.), започнуваат со соодветниот глас/звук според алфабетскиот редослед и откриваат голема стабилност на словенската азбука од најстаро време.

Најпознат споменик од ваков вид доскоро беше *Азбучната молитва*, за чие авторство долго се спорело дали е на Константин-Кирил Философ, или на презвитер, подоцна епископ Константин Преславски, којшто е исто така наречен „Философ“ во насловот на некои негови творби. Но по систематската компаративна студија на К. Куев, *Азбучната молитва в славянските литератури*, 1974 г., не останува сомнение дека таа му припаѓа на Константин Преславски. Текстот на *Молитвата*, сочуван во 38 ракописи од XII–XVIII век (повеќето откриени од Куев), претставува дел од Прологот кон неговото *Учително евангелие* – толкувања на неделни евангелија од црковни оци: Јован Златоуст, Исидор Пелусиотски, Климент Александриски и др. во превод од Константин, еп. Преславски. Од времето на Куев до денес се откриени уште три ракописи што ја содржат Молитвата. Текстот на *Азбучната молитва* овде го предаваме во целост според последното критичното издание (реконструкција со variae lectiones) на W. R. Veder, (*Glagolitica*, 2000, 80–86) под наслов:

ПРОЛОГЪ О ХРИСТѢ ОУМѢРЕНЪ СЪКАЗАННІА СВѦТАІЕГО ЕѴАНГЕЛІА, СЪТВОРЕНЪ КОНЪСТАНЪТІНОМЬ, НМЬЖЕ І ПРѢЛОЖЕННІЕ БЫСТЪ ТОГОЖДЕ СЪКАЗАННІА ЕѴАНГЕЛЬСКА

2:1 ҂ѳ҃. Азъ словомь симь молѭ сѧ богоу.
2 ҂ѯ҃. Боже вьсеи твари и ѕиждителю.
3 ҂ѱ҃. Видимыимъ и невидимыимъ.
4 ҂ѳ҃. Господа доуха посли живѧщаѥго.
5 ҂ѳ҃. Да въдъхнѥтъ въ сръдьце ми слово.
6 ҂ѳ҃. ѥже бѫдеть на оуспѣхъ въсѣмъ.
7 ҂ѳ҃. Живѫщиимъ въ заповѣдьхъ ти.
8 ҂ѳ҃. Ѕѣло бо ѥсть свѣтильникъ жизни.
9 ҂ѳ҃. Законъ твои и свѣтъ стьѕамъ ми.
10 ҂ѳ҃. Іже ищеть еѵангельска слова.
11 ҂ѳ҃. И проситъ дары твоѩ приѩти.
12 ҂ѳ҃. Ѣеть[36] ти бо нынѣ и словѣньско племѧ.
13 ҂ѳ҃. Къ кръщению обратишѧ сѧ вьси.
14 ҂ѳ҃. Людиѥ твои нарещи сѧ хотѧще.
15 ҂ѳ҃. Милости твоѩ боже просѧть ѕѣло.
16 ҂ѳ҃. Нъ мьнѣ нынѣ пространо слово даждь.
17 ҂ѳ҃. Отьче, сыне, и прѣсвѧтыи доуше.
18 ҂ѳ҃. Просѧщоуѥмоу помощь отъ тебе.
19 ҂ѳ҃. Рѫцѣ бо свои выспрь въздѣѭ присно.
20 ҂ѳ҃. Силѫ приѩти и мѫдрость оу тебе.
21 ҂ѳ҃. Ты бо даѥши достоиномъ силѫ.
22 ҂ѳ҃. Ѹпостась же вьсѩкѫ ицѣлиши.
23 ҂ѳ҃. Фараошѧ мѧ зълобы избави.
24 ҂ѳ҃. Хероувьскѫ ми мысль и оумъ даждь.
25 ҂ѳ҃. ѡ, чьстьнаѩ прѣсвѧтаѩ троице.
26 Печаль моѭ на радость прѣложи.
27 ҂ѵ҃. Цѣломѫдрьно да начьнѫ писати.
28 ҂ѳ҃. чюдеса твоѩ прѣдивьнаѩ ѕѣло.
29 ҂ѳ҃. Шестькрылатыихъ силѫ приимъ.
30 ҂ѳ҃. щьстоуѭ нынѣ по слѣдоу оучителю.

[36] Ова би бил единствен рефлекс на *ѓ* < *ǫj* во збор од словенско потекло. *Ѓерв* е документирано само во туѓи зборови пред вокалите *е* и *и*. Грчкото γ во ваква положба има мек изговор како *j*. Во ракописите со *Азбучната молитва* 12-тиот стих најчесто гласи: лѣтить бо … / и лѣтить нынѣ словѣанско племѧ (сп. К. Куев, о.с. 157). Почетокот е спорен. Овде е преземен во целост текстот на W. Weder, како последна критичка верзија на *Азбучната молитва* со реконструиран почетен збор ћеть < * дѣть ‘actio’.

31 ҂ѳ҃. Имени ѥго и дѣлоу послѣдоуѩ.
32 ҂ѳ҃. ꙗвѣ сътворѭ еѵангельско слово.
33 ҂ѳ҃. Хвалѫ въздаѩ троици въ божествѣ.
34 ҂ѳ҃. ѭже поѥть и въсѧкъ въздрасть.
35 ҂ѳ҃. ѭнъ и старъ своимь разоумомь.
36 ҂ѳ҃. ѩзыкъ новъ хвалѫ въздаѩ присно
3:1 Отьцоу сыноу и свѧтоуѥмоу доухоу.
2 ѥмоуже чьсть и дрьжава и слава
3 Отъ всеѩ твари и дыханиꙗ .
4 Въ непрѣбрьдомъıѩ вѣкы. аминъ.

Во шеесеттите години од XX век беа откриени неколку нови слични алфабетски текстови. Во *Slovo* 14, 1964, 5–24 F. Mareš објави ваков текст што започнува со зборовите: азъ ѥсмь всемоу мироу свѣть, по ракописот Q. I 1202 од Библиотеката на Салтиков – Шчедрин во Ленинград. Според авторот (Мареш) текстот се одликува со голема архаичност и допушта авторство на Константин-Кирил. Н. Драгова во *Език и литература* од 1968 (кн. 3, 37–58) објави непроучен старословенски азбучен акростих од ваков тип и го крсти *Химна на Света Троица.* Истата година Н. С. Демкова и Н. Ф. Дробленкова направија обид за систематизација на азбучни молитви, пет од кои со variae lectiones од познати ракописи.

Во 1971 год. Климентина Иванова-Константинова објави два нови богослужбени текста со глаголички азбучен акростих[37], веројатно од св. Климент Охридски[38]. Тоа се „стиховни стихири“ на вечерните служби и „хвалитни стихири“ на утрените за Рождество Христово и за Богојавление, сочувани најцелосно во *Скопскиот празничен минеј*, пергаментен ракопис од XIII век, којшто сега се чува во Софиската народна библиотека „Свв. Кирил и Методиј“ под бр. 522. Стихирите за Рождество се поместени на листовите 107б до 137б, а за Богојавление од 182б до 202б. Ракописот (522), со кој имав можност да работам во 1996, е во многу лоша состојба; од долгата употреба пергаментот се распаѓа во прашина и, ако не се издаде што поскоро, сѐ помалку ќе може од него да се чита. Лакуните во стихирите од овој ракопис Иванова ги дополни со текст од Хлудовиот ракопис бр. 166, од XIV век (Москва, ГИМ, листови 36б–51б; и од 63б–73б), каде што се стихирите сочувани во истиот азбучен ред, само наместа малку скратени, а некои изоставени.

На лист 105б од Скопскиот минеј, пред почетокот на службата за Претпразненство на Рождество Христово, 19 декември, е одбележено со црвено мас-

[37] „Два неизвестни азбучни акростиха с глаголическа подредба на буквите в среднобългарски празничен минеи“, *Константин-Кирил Философ.* Доклади от Симпозиума, посветен на 1100-годишнината от смъртта му, БАН, София 1971, 341–365.

[38] Тоа може да се заклучи по неговиот потпис Климент во акростих на трипеснеци за Претпразненство на Рождество Христово, чиј текст не се среќава во грчките минеи.

тило: „ѿ зде блюди рѧдъ да ꙗко обрѣтаеши, тако пои. **азбоуковьныѩ стихиры и иниѭ стихиры,** ѥже хотѧть быти на часовѣхь. тогда раздѣлены сѫть на в'сѧ дни. где обрѧщеши зачало ѥи написано“. Почетокот на акростихот исто така посебно е одбележен со зборовите: „стихиры боуковѣныѭ починаѫтьсѧ въ ѳі҃ сего месеца на оут.“ Предупредувањето за азбучните стихири на Богојавление не е сочувано во преписите, каде што се допуштани и извесни интервенции.

Двата циклуса на азбучни стихири не се самостојни трудови, а напишани се од преведувачот како делови од соодветните служби во минејски текст. Во грчките минеи за Претпразненство на Рождество Христово има стихири во акростих според грчката азбука, веројатно, на Роман Слаткопоец, наречени *Анг҃елски*, според почетокот на првата стихира. Но текстови со грчки акростих, особено во каноните, не се совпаѓаат со словенскиот превод, па преведувачите (првоучителите и нивните ученици) составувале оригинални песни. Текстот и на азбучните стихири за Рождество и Богојавление по исометричност и формален размер се зависни од грчкиот извор, но со цел да се добие смисловна целина, словенскиот автор „преведувал сосема слободно дел од стихирите, а повеќето ги составувал сам, парафразирајќи одделни пасуси и мотиви на својот извор“, како што забележува Иванова (о.с. 344).

Г. Попов (1985) откри дека Константин Преславски составил 440 тропари, од кои се сочувани 402 почетни букви, во словенскиот *Посен т҃риод* во азбучен акростих од каде што се гледа дека оригиналот бил напишан на глаголица. Покрај Азбучната молитва на Константин Преславски, овде даваме синопсис на пет азбучни текстови: I – азъ ѥсмь всемоу мироу свѣть (според Мареш, *Slovo* 1964, 1971), и Демкова – Дробленкова (1968); II – Азбучните стихири за Рождество Христово (Иванова-Константинова, 1971; III – Богојавленските стихири во азбучен акростих (Иванова-Константинова, 1971); IV – „Гранеса Константинова“ (Г. Попов 1985, овде во скратена форма) и V – „Химна на Света Троица“ (Драгова 1968). Сп. и Синопсис на азбучните стихови од R. Marti и W. R. Weder (2000, 236–242).

		I	II	III	IV	V
1	ⰰ	азъ	аг҃гльскыѭ	адааме	авр, агн, ад, ада, аз, ами, анг, апо, аро, ашт	азъ
2	ⰱ	богъ	безначѧльноу	бездно	бог, бол, бор, бра	бь҃
3	ⰲ	вѣдѣ	врьт'пе	виѳлеѡме	вел, вла, вод, вол, въ, вѣт	вѣдѣ
4	ⰳ	глаголѭ	горы	горы	гон, гос, грѧ	глѫ҃
5	ⰴ	добро	дивомь	дланию	двь, дла, до, доб, дрѣ, дьн, дѣв	добро

6	ⰵ	ѥсть	ѥстьствомь	егда	ѥ, ѥва, ѥгда, ѥго, ѥли, ѥст	есьмь
7	ⰶ	животъ	живоносноѥ	желѣѭ	жив, жиꙁ, жьꙁ	животь
8	ⰷ	ѕъло	(S)вѣꙁдѫ	ѕѣло	ѕѣло	ѕѣло
9	ⰸ	ꙁемлѭ	ꙁем'лѧ	ꙁемлѣ	ꙁемлꙗ	ꙁемлѫ
10	ⰹ	іже	іс	іс҃ь		иже
11	ⰺ	и	ироде	иꙁбавителю	іѥр,іис, июд, иꙁ/с, ил, им, ин, иса, ист	и
12	ⰻ		геѡни	галилеа		гемоноу
13	ⰼ	како	колѣна	колѣнома	крь, къи, кът	кое
14	ⰽ	людиѥ	лици	людемь	лаꙁ, лиц, люб, люд, лют, лѫк	людие
15	ⰾ	мыслите	михее	море	мар, мас, мат, мен, мил, мол, мос, мѫч	мислыѭ
16	ⰿ	нашь	небо	не	на,нов, нос, нош, нын	на
17	ⱀ	онь	обраꙁа	оцѣщениѥ	о, об, огн, орѫ, отъ, оць	ѡни
18	ⱁ	покои	прїиди	почто	пла,по, при, прѣ, пѫч	пилатоу
19	ⱂ	рече	рьци	рѫцѣ	рад,раи,ран,реч, рож, ръід, рьц, рѣк, рѫк	рьцѣтѧ
20	ⱃ	слово	словеса	сьт'цѣм'сѧ	сам, свѣ, свѧ, се, сиꙗ, сла, сло, сль, съ, сол, стл, стр, сѣт	слово
21	ⱄ	тврьда	трепет'но	трепетомь	таи,твр,теб,теч, тро, трь, трѫ, тьц, тъ, тѧ, тѫч	тверда
22	ⱅ	оу	оупостась	оупостась	оу	оударень
23	ⱆ	фараѡна	фараѡновы	фараѡна		фараѡна
24	ⱇ	хероувими	хероувимомь	херовимомь	хва, хрь	хероувыми
25	ⱈ	ѿ, ѿверꙁѫ	ѿ	ѡ		ѿ
26			пѣсми	пѣсньми		пѣсми
27	ⱉ	ци (цѣнѫ)	цр҃твоуѭи	цр҃твоуѭи		цр҃ство
28	ⱊ	чрьвь	чини	чюдеса	чаш, чес, чин, чис	чл҃вѣколюбыꙗ
29	ⱋ	шоумомь	шестокрилати	шестокрилатаа	шюи	шестокрили
30	ⱌ	щитомь	шествиꙗ	шествїа		што

31	ⰸ	ѥрдань горы ересь	играи	играи		еромь
32	ⰴ		(ѣ)коже	(ѣ)ко	ꙗд, ꙗк, ꙗр	ꙗко
33	ⰵ		хвалѫ	хвалами		
34	ⰶ		ѭже	ѫже	ѭже	еже
35	ⰷ		юже	юже		юдене
36	ⰶ	ѩтъ	(ѩ)ꙁыци	(ѧ)ꙁыци	ѩже	ѧсте/ есте

Паралелниот преглед на азбучните текстови ја открива со повеќе примери гласовната вредност на буквите, а истовремено и кои од нив (како еровите) не се употребуваат во почетна позиција.

а. Крчки натпис со глаголица (според V. Štefanić, *Slovo* 18–19, 1969, сл. XIII)

б. Втор Новгородски графит (според V. Štefanić, *Slovo* 18–19, 1969, сл. X)

Сл. 25 – Епиграфски натписи со глаголица

Епиграфските текстови со глаголица се кратки, но драгоцени за реконструкцијата, развојот и употребата на првото словенско писмо[39]. Во последно време се откриј повеќе вакви натписи во североисточна Бугарија (во Преслав, селата Равна, Черноглавци близу до Шумен и др.), што покажува дека таму имало период (X век), кога се употребувала паралелно кирилицата и глаголицата[40]. Епиграфските споменици имаат предност што можат попрецизно да се датираат и да се следат промените во нацртот.

Ракописните текстови со глаголица содржат најмногу информации како биле поврзувани буквите од оваа азбука во зборовни целини. Само, за жал, и тие потекнуваат од подоцнежно време. Најстарите од нив се околу 100 години помлади од времето кога била создадена глаголицата. Сочувани се петнаесетина такви ракописи[41], главно, во фрагментарна состојба, но нивната анализа излегува надвор од рамките на нашава работа. Од овие текстови, особено од фрагментарните, меѓутоа, не може секогаш да се види вкупниот број на буквите.

Вкупен број на буквите во словенската азбука

5. *Значење на нумеричкиот систем за вкупниот број на буквите.* – Според редот во азбуката знаците имаат и соодветна нумеричка вредност, но и нивната нумеричка вредност играла некаква улога по однос на вкупниот број на буквите. Храбар предава и една забелешка од противниците на глаголицата во врска со бројот на буквите: Што му требало на Константин-Кирил да создава толку многу (38) букви, кога може да се пишува и со помалку како во грчкиот? – Тој не дава директен одговор на забелешката, а само „објаснува“ дека и Грците употребувале 38 знаци: освен оние 24 со фонетска вредност, треба да се земат во обзир и дифтонзите и нумеричките знаци кои не фигурираат во алфабетот.

Илчев (1985) се запира на прашањето дали има некој удел нумеричкиот систем врз составувањето на глаголицата. Тој констатира дека само осум знаци од глаголицата имаат иста нумеричка вредност со грчките и заклучува дека тие се случајно совпаѓање. Всушност, и во глаголицата се водело сметка за врската

[39] Сп. В. Штефаниќ, о.с. (1966), 22.

[40] Т. Славова, „Глаголическата традиция и преславската книжнина“, *Palaeobulgarica,* 23, 1, 1999, 35–46.

[41] *Codex Assemanianus,* се чува во Рим, во Ватиканската библиотека; *Glagolita Clozianus*, во Инзбрук, Ferdinandeum; *Euchologium Sinaiticum,* cf. I. Tarnanidis, *The Slavonic Manuscripts Discovered in 1975 at St Catherine's Monastery on Mount Sinai,* Thessaloniki 1988, 219–247; *Григоровичев лист*, во БАН, София; *Киевски листови*, се чуваат во Библиотеката на Украинската академија на науките во Киев; *Codex Marianus*, – во Руската државна библиотека, Москва; *Охридски листови,* – во Народната библиотека во Одеса; *Прашки листови*, – во Централната библиотека во Прага; *Синајски псалтир*, издаден фототипно од М. Алтбауер, МАНУ, Скопје 1971; *Рилски листови*, во БАН, Софија; *Codex Zographensis,* сега во Санкт Петербург, Народна библиотека; *Бојански палимпсест*, во Руската државна библиотека, Москва; *Синајски палимпсест*, во манастирот Св. Катерина, на Синај; *Петроградски палимпсест*, во Народната библиотека на Санкт Петербург; *Фрагмент палимпсест од Зографското евангелие,* сега во манастирот Св. Катерина на Синај.

меѓу вкупниот број на фонетските знаци и нивната нумеричка вредност. Природно, разликите со грчкиот алфабет биле неизбежни поради поголемиот број на словенските гласови. Некои од нив се тесно поврзани и со грчкиот нумерички систем. Така на пр. *theta* (Θ), искористена за ѳ (ꙁемл), е со иста бројна вредност, само формата ѝ е малку променета. Вкупниот број на знаците со бројна вредност има подлабока идеолошка основа.

Забележително е дека и кавкаските азбуки, создадени во христијанската епоха, имаат приближно исто толку знаци: ерменската 36, грузиската 37, а словенската формално брои 38, но првобитната глаголица изгледа немала повеќе од 36–37 букви.

Во еврејската азбука со 22 фонетски знака може да се покрие бројната вредност само од две енеади: единици од *ʾālep* (א) – *ṯēt* (ט) и десетки *yod* (י) – *ṣāde* (צ); за стотините преостануваат четири букви *qop* (ק) – *taw* (ת), до 400, а потоа до 900 се означуваат со собирање, на пр. *qōp* + *taw* = 500 итн. За илјадите се повторува алфабетот од *ʾālep* со дијакритичен знак пред буквите. Овој принцип на нумерација е позајмен и во грчкото писмо со 24 фонетски знаци. За стотини овде се употребени буквите ρ, σ, τ, υ, φ, χ, ψ, ω и *sampi* (ϡ) = 900, а за илјадите од ͵α, ͵β ... со дијакритичен знак пред буквата долу од лево како во еврејското.

Во христијанските писма е воведен принцип од четири енеади, соодветно на четирите евангелија, за што се потребни 36 знаци (при сѐ што четвртата енеада не е секогаш комплетна). Буквите во азбуката, доколку не се повторени варијанти, се спони со нови енеади исто како *окѡтаваѡ* што е во основата хептакорд (7 ноти), а осмата воведува нова скала. Илјадите во глаголицата се обележени понекогаш и аналитички со зборови[42], но документирани се и шест букви за 1000 (ѯ), 2000 (ш), 3000 (т), 4000 (ѧ), 5000 (ѫ) и 6000 (ѣ).

Во грчкиот нумерички систем се употребени 27 буквени знаци за три енеади. Според питагорејците и Платон бројот 27 е многу значаен. Тој претставува кулминација на хармоничност и совршенство, а се добива од двојното множење и собирање на првите три броја (1, 2, 3):

1
2 3
4 9
8 27

(2 X 2 = 4, 2 X 4 = 8) (3 X 3 = 9, 3 x 9 = 27)

Збирот на парните бројки од левата страна на триаголникот со непарните од десната изнесува 27, исто како и двапати помножената тројка. Бидејќи во грчката азбука недостасуваат три знака до 27, земени се три феничански

[42] Сп. R. Marti, 2000, 62, n. 30.

букви што останале неупотребени во грчкиот алфабет: *stigma* (ϛ), лигатура од σ + τ за 6, на местото од дигамата (ϝ) со изговор на *W; qopa* (ϙ) за 90 и *sampi* (ϡ) од σ + π за 900. Посебно значење во глаголицата можеле да имаат буквите со почетна нумеричка вредност на енеадите (една енеада: 3 X 3 = 9 X 4 = 36). Во нив изгледа на симболички начин иконично е претставено целото христијанско вјерују, како што укажавме горе (т. 2).

Она што е во грчката азбука *куб на хармонијата*, симболички претставен со бројот 27, тоа се четирите енеади (евентуално + еден или два знака) во христијанските азбуки. И *канонот*, којшто е најсуштествен дел од црковните христијански богослужби, е составен од 36 тропари (9 песни по 4 тропари, а бидејќи втората често се изостава, се земаат четири други стихири: седален зад III песна; кондак и икос зад VI песна и светилен зад IX песна, вкупно 36 стихири.

Палеографска и историско-компаративна анализа на глаголичките знаци

6. Горните синтези на принципите и идејната подлога врз кои е создадена глаголицата, на нејзината структура, начин како е оформена и со каква цел, произлегуваат, главно, од палеографската и компаративно-историската анализа на целокупниот нејзин состав, што е предмет на ова поглавје.

Горе (т. 2) дадовме преглед на буквите со почетна нумеричка вредност на четирите енеади: ⰰ ⰱ, ⰲ ⰳ, ⰴ ⰵ и ⰶ ⰷ, од аспект на нивното возможно симболичко значење како основни потпори на глаголичката азбучна структура. Овде ќе се задржиме сосема накратко на нивното графемско обликување, а со повеќе подробности за другите знаци.

I **енеада:**

ⰰ ⰱ

Анализата на нацртот на ⰰ (азъ) во различните глаголички ракописи (сп. Илчев, *К.-М.Е.* I, 492) открива дека оваа буква можела да се пишува со 2, 3, 4 и повеќе потега во зависност какви орнаменти се додавале кон неа. Најекономичен изгледа нацртот на ⰰ (азъ) со два потега како во *Киевските листови* и *Синајскиот евхологиј* (сп. илустр. според М. Пантелиќ, *Slovo,* 1985, 29).



Двопотезно *а* ⰰ (според M. Pantelić, *Slovo* 35, 1985, 29)

Ⱏ б

Глаголичката буква Ⱏ (буки) е новосоздадена. Грчката Β (Βῆτα) од еврејското ב (*bêt*) ‘дом, палатка’, во хеленистичко време веќе придобила гласеж на лабијален спирант *v* (*в*). Во латинскиот, позајмена преку етрурскиот можеби уште во VII век пред Хр., оваа буква ја задржала првобитната гласовна вредност *b*. Во покласичниот грчки овој глас се предавал со дограф μπ. Константин Философ за словенското *б* создал нова буква (Ⱏ), составена од два дела: во горната половина на редот има нацрт сличен на *ш*, образувано од две кукички со прави агли свртени надесно и една вертикална што ја затвора втората, а во долната половина уште една слична кука од куса вертикална цртичка што го поврзува горниот дел од левата страна и една подолга хоризонтална црта на долната линија од редот под целиот горен дел. Токму таков нацрт има самаританската буква *m (м)*, само свртена влево Ⱏ. Забележително е дека Ⱏ (букн) има извесни заеднички контури и со нацртот на Ⱂ (покон) со тоа што во горниот десен дел двете букви имаат издаден и нагласен елемент. И во феничанскиот алфабет се забележува извесна сличност меѓу ב (*bêt*) и ר (*pe*) со издадени елементи горе, свртени в лево, а самаританските *м* и *п*, само свртени в десно, се идејно поврзани со византискиот дограф *μπ* и изговорот на *б*. Тоа покажува дека инвенторите на азбуката воделе сметка за сродноста на гласовите, па на некој начин го доближувале и нацртот на соодветните букви. Тој начин на обликување букви е посебно нагласен кај Константин Философ, како што ќе видиме подолу.

Ⱐ в

Глаголичкото Ⱐ (вѣдн) одговара на консонантската вредност од грчкиот ὐ-ψιλόν, порано со билабијален изговор: *ϙиг̄ама* (Ϝ = *W*), а во хеленистичката епоха како лабиодентал (*V*) или лабиодентален фрикатив *F* во дифтонзите αυ, ευ, (*af, ef*) како во новогрчкиот. Во латинскиот *ипсилоно̄т̄* (Υ υ) е позајмен од грчкиот со вокалска вредност на *U u*, но пред вокал – со консонантска, сп. *veritas, virtus, volo.* На местото од дигамата Ϝ (*W*), и во латинската азбука фигурира фрикативот *F*. Константин-Кирил Философ имал модел и во грчкиот и во латинскиот од каде да ги преземе формата и гласежот на оваа буква, но ја оформил според неговите погледи во духот на идеолошката христијанска симболика: во горниот дел со две крукчиња, а во долниот – отворен триаголник, подоцна и со заоблена црта што стига до долната линија на редот.

Ⱁ г

На прв поглед буквата Ⱁ (глаголн) личи на грчкото минускулно γ, меѓутоа, неговата изолирана положба и начинот на образување со 4–5 потези, во глаголицата го прави типичен унцијал. Грчката *г̄ама* овде е променета така што десната страна не е поедначко висока со левата; таа доаѓа само до средина на редот, до централната оска, каде што е заокружена во петелка. И оваа буква се состои од два круга и остар агол од 45°.

ⰴ Д

Буквата ⰴ (добро) е променета унцијалната грчка *ϑелта* (Δ), претставена како рамностран триаголник, слично на семитското ◁ (*dalet*)[43]. Во глаголицата долниот дел од оваа буква е отворен, а косите црти што се спуштаат одозгора надолу завршуваат на долната линија од редот со затворени крукчиња. Остриот агол, со кој ⰴ (добро) е закачено за горната линија, во кружната глаголица е заоблен и изгледа како свртено Ⰲ (*B*) вертикално за 180^0 со исти елементи и во истиот стил.

Э є

Глаголичката буква Э (ѥсть), личи на грчкиот унцијален ἐ-ψυλόν, свртен налево, но не под семитско влијание, а поскоро поради практични причини за да може на него од десната страна да се надоврзе назалниот индикатор кај малата носовка. Можеби заради таа цел од буквеното јадро надесно излегува мала хоризонтална цртичка. Според Ткадлчик (2000, 25) таа цртичка претставувала *јота* и потекнувала од моравскиот период. Бидејќи во солунскиот словенски дијалект, врз основа на кој е изградено првото словенско писмо, немало јотирано *е* (ѥ), во првобитната глаголица не била ни создадена буква за таков глас. Но во моравскиот дијалект пред овој вокал се слушало и едно протетско *j: jestь*, *jestь, jesi*, наместо *estь*, *estь, esi,* па затоа бил коригиран нацртот на оваа буква со додавање на хоризонтална, наместо вертикална *јота.* Претпоставката е веројатна. Во кирилицата подоцна протетското *j-* се пишува вертикално (ѥ), а ѥсть свртено надесно како грчкото ἐ-ψυλόν, назив кој потекнува од подоцнежно (византиско) време[44].

ⰶ Ж

Косите црти на ⰶ (живот) се сечат обично на средина кај оската и во долниот дел завршуваат со кружни петелки или триаголници, а во горниот дел над пресекот е оформен остар агол, одн. отворен триаголник. Понекогаш така се вкрстени „антените“ и кај унцијалната грчка *ϑелта*, но тие излегуваат надвор над горната линија, а овде според основниот принцип на старата глаголица висината на буквите не преоѓа преку линиите на редот ни горе ни долу. Првобитната фонетска вредност на оваа буква била *ϑж*, одговара на коптското *ϑжанϑжа* (Ⲍ) и ерменското *че* (չ), кои имаат приближно иста форма како грчката *ϑелта* со „рокчиња (антени)“ горе (сп. П. Илчев, *К.-М. Е*, s.v. *Глаѓолица*). Според Ткадлчик (2000, 20) Константин-Кирил тргнал од грчкиот унцијал на Z,

[43] Семитското *dlt* ‘врата’ (на шатор), како што спомнавме, во плурал означува колони на текст, грчко δέλτος, првобитно ‘штичка за пишување, во современиот грчки δελτίο, δελτάριο ‘лист, карта’, како *Byblos* ‘папирус, книга’.

[44] Ќе потсетиме дека грчкиот *епсилон* потекнува од феничанското h (*hē*), чија фигура, во постариот алфабет логограм на човек со кренати раце 𐤄 „вика“ *heee!* за да привлече внимание. Слабото глотално феничанско *h* „Паламед“ не можел да го вклопи во грчкиот гласовен систем. Го задржал само вокалскиот дел *е*, без глоталниот приглас.

но треба да се забележи дека глаголичката форма не може лесно да се поврзе со ζ. Факт е само дека ѫ (ж) е поставено во глаголицата на истото место како ζ во грчкиот азбучен редослед со бројна вредност 7. Вешто по него Константин ги подредил и знаците за словенските гласови *S* (ѯ) и *З* (ѳ) за 8 и 9.

ѯ s

Буквата ѯ (sѣло) од најстарите текстови во долниот дел е еден трапез наклонет в десно ( ). Од горната линија надолу косо в лево се спушта гранка која горе е оформена во петелка, а долу дијагонално го дели трапезот и образува два триаголника. Во некои глаголички споменици (*Синајскиот псалтир*) наместо заоблена се среќава аглеста форма и на горниот дел од ветката. Фонетски ѯ (sѣло) одговара на грчката ζῆτα, чиј првобитен изговор бил ист, т.е. *dz*. Тоа можел да го знае Константин-Кирил и успешно да го вклопи во словенското писмо. Во глаголицата има уште една варијанта со нацртот на sѣло, имено, во долниот дел е триаголник, свртен со остриот агол надолу, а одозгора вертикално се спушта ветката што го дели буквеното тело напола и образува два нови триаголника.

ѳ ʒ

Како што веќе спомнавме ѳ (ʒемл҃, ʒаконъ) стои на местото од грчката *theta*, има иста нумеричка вредност (9), а и во нацртот на буквеното тело има елементи од Θ. (сп. П. Илчев, *К.-М.Е* I, 505). Се разликува само по тоа што хоризонталната цртичка, што ја сече на средина грчката *theta,* овде излегува малку надвор оддесно и завршува со обесена овална петелка. Константин Философ употребил елементи од Θ за други букви од глаголицата, зашто таа не му била потребна за функцијата што ја има во грчкиот, бидејќи немало таков глас во словенскиот дијалект од Солунско. Глаголичкото ѻ (тврѣдо) првобитно било со двојна вредност: *T* и *th.* Подоцна биле позајмени и грчките букви со вредност на аспирирани безвучни консонанти Θ и Ф: денталот *th* и лабијалот *ph* заради попрецизно бележење на овие гласови во туѓи (грчки и еврејски) зборови. (За фонетските соодветства меѓу грч. Θ и гласот ѳ ‘з’, в. П. Хр. Илиевски 2002, 189–194).

II **енеада:**

ѫ і (нже)

Кај оваа буква прво паѓа в очи хармоничната балансираност како во вертикала, така и во хоризонтала (в. горе т. 2).

ѯ н

Според Ткадлчик буквата ѯ (нже) била прва измислена од Константина заради пишување на почетниот збор од Јовановото евангелие: нсконн (бѣ слово), со кој го започнал преводот. Други палеографи, пак, сметаат дека таа била додадена подоцна, бидејќи вториот писар од *Киевските листови* не ја употребува,

а се претполага дека кај него се содржи најархаичен текст. Всушност ⰸ (иже) по наше мислење потекнува од најстарата фаза на писмото. Тоа е образувано во горниот дел со триаголник, а во долниот – со круг, битни христијански симболи. Во глаголицата тоа има бројна вредност 20, а буквата Ⱁ (слово), образувана со истите елементи (в. долу), само свртени наопаку: триаголникот лежи на долната линија од редот, а кругот во горната половина ја допира горната линија, е со нумеричка вредност 200 и зазема второ место во третата енеада, како и ⰸ (иже) во втората со 20 (сп. уште Ⱏ 3 : Ⱓ 300, а посебно ⰊⰁ 5 : ⰊⰁ 50 и Ⱃ 500 : ⰐⰟ 5000 во средината на енеадите).

Ⱍ (ѓерв) ⰻ

Меѓу ⰸ (иже) и ⰽ (како) Константин Философ вметнал буква за палатален словенски глас, Ⱍ (ѓерв), што се слушал при изговорот на странски (еврејски и грчки) зборови и имиња со *Г* пред предни, меки вокали *е* и *i*. Оваа буква се среќава двапати кај вториот писар на *Киевските листови*. Неговата форма личи во извесна мера на ⰖⰀ (глагол/н), но и се разликува од него: Од левата страна горе нема петелка, а петелката на десната страна е крената до горната линија на редот, додека во ⰖⰀ (глаголн) лежи ниско под оската. Освен тоа и буквеното тело се разликува со тоа што кај ⰖⰀ (глаголн) тоа е оформено со две црти, а во *ѓерв* има четири. Ткадлчик (о.с. 17) наоѓа дека оваа буква претставувала свртена наопаку *шча* (Ⱙ), чија фонетска вредност на безвучно **tj* е пар на звучното палатално **dj*, изразено со *ѓерв*. Во Моравија, бидејќи нема таков глас, *ѓерв* е заменет со *c* и *z* < * *dj*. Во азбучните текстови нема стих што почнува со словенски збор на *ѓерв*, а само еврејски и грчки (ⰻⰵⰱⰿⰰ, ⰽⰻⰵⰿⱏⰽ и др.). За реконструираната форма ⰻⰵⰵⱅⱐ во *Азбучната молитва* в. горе бел. 36, а за фонетска вредност на буквата повеќе во гл. VI, т. 2.

ⰽ ⰊⰀ

Буквата ⰽ (како) за палеографите (сп. Илчев, 1985) претставувала проблем, зашто во ваква форма не се среќава никаде порано. Сепак сличност откривале во ерменското *ken* (կ), или во грузиското *kan* (კ). Ткадлчик (о.с.) прави напор да открие елементи на унцијално грчко *K*, но не е убедлив. По наше мислење ⰽ (како) стои најблиску до еврејската буква *qôp* за глотално (ק), па и веларно *K*. Во грч. којне од IV век имало и варијанта од оваа еврејска буква (ϟ) само што горната хоризонтална цртичка на *qôp* (ϟ) во глаголичкото како (ⰽ) е пренесена долу од левата страна во продолжение на основната вертикала. Вртењето на буквени елементи е честа појава при пресоздавањето на нови по углед на стари писма, како и при начинот на пишување т.н. *boustrophedon*. На врската меѓу ⰽ (*како*) и ϟ (*qôp*) укажале порано и други видни филолози и палеографи, како Шафарик, Вондрак, Нахтигал, Трубецки, Селишчев, Вајс и др.

ѧ л

Буквата ѧ (людне) личи на грчковизантиската унцијална *ламбда*, само што е таа оформена во општиот стил на глаголицата, каде што краиштата на цртите завршуваат најчесто со кружни петелки. Така и овде на долниот крај има две крукчиња, споени одозгора со хоризонтална црта. Над нив е оформена петелка која со врвот ја допира горната линија на редот и е споена со крукчињата од нивната внатрешна страна. Всушност, на горната линија ѝ е почетната и спојна точка за формирање на буквата: цртите се спуштаат одозгора надолу и во пет потези се образува сликата на ѧ (людне). Во *Киевските* и *Синајските листови* во горниот дел тие црти формираат круг (в. илустр. 26). Буквата ѧ (людне) е слична со нацртот на ѧ (добро), но додека косите црти што се спуштаат одозгора кај добро (Д) долу се отворени, кај людне (Л) затворени, обратно од грчките букви, каде што *делта* е затворена, а *ламбда* отворена. Сличноста на овие две букви се должи и на нивната гласовна вредност – на звучен дентал и дентален ларингал.

ѫ м

Ткадлчик (о.с.) прави напор во ѫ (мыслнѣ) да открие елементи на грчкото *μῦ*, свртено наопаку, а потоа удвоено, но тоа не е видливо. Тешко е да се открие што му дало идеја на Константин да ја оформи оваа буква на ваков начин. За тоа дека *л* можело да се замени со *м* и обратно, в. долу Annex (ѡ).

ѧ н

Има различни обиди, буквата ѧ (наш) да се доведе во врска со верзалното грчко *νῦ* (сп. Ткадлчик, о.с., 19) или минускулното *μῦ*, (Илчев, о.с.), како и со ѣ (*Б*), меѓутоа, објаснувањата се изнасилени. Нам ни изгледа врската со назалниот индикатор не помалку возможна, само што кај *Н* главната црта е вертикална и петелката качена горе, во знакот за назалност таа е овална, свртена надесно, со петелка на средина од левата страна и цртичка што излегува на обратната страна од петелката. Тргнувајќи од принципот дека Константин водел сметка за гласежот на знаците и ги поврзувал со понекој елемент, само ги вртел нацртите, за да ги истакне и нивните разлики, како во случајов: консонантското ѧ (наш) од назалниот придружен приглас ҿ.

Споредби на глаголички букви од *Киевските* и *Синајските листови*
(според M. Pantelić, *Slovo* 35, 1985, 31s.)

ѳ о

Формата на **ѳ** (**онъ**), свртена во различни правци, е искористена за неколку букви во глаголицата: во **ѻ** (*Т*), положена под горната линија и завртена надолу, во **ѧ** (*Л*), **ѿ** (*М*) – обратно, а донекаде контурите на оваа форма се забележуваат и во **ѱ** (*В*) и **ѩ** (*Д*), само што цртата која ги поврзува петелките не е права, а извиена или триаглеста. Нацртот на *О* има голема сличност и со *Е*, со таа разлика што краиштата на **ѣ** (**ѥсть**) се само малку заоблени, а кај *О* – затворени во окца. За тоа има длабока фонетска подлога, како што забележи и Илчев (1985, 81s.). Вокалите *Е* и *О* се образуваат на иста височина во усната шуплина, само што *Е* е преден, а *О* заден глас. Нивните форми се искористени за образување и на полувокалите (еровите), кои исто така претставуваат пар и се употребуваат во зависност од претходниот консонант, дали е тој тврд или мек (в. долу гл VI, т. 2). Вокалите *Е* и *О* алтернираат како аблаутни степени во еден ист корен: *плете : плоть; рече : рок; λέγω : λόγος* итн., што придонело и нивните букви во глаголицата да бидат обликувани без малку на ист начин.

ҧ п

Во класичногрчкиот алфабет *πῖ* е образувано од две вертикални прави црти и една хоризонтална која ги поврзува одозгора. Меѓутоа, во западногрчките алфабети, на Сицилија, Magna Graecia (Јужна Италија), оваа буква е со покуса десна вертикална цртичка, на средина прекината со хоризонтален засек како украс – Γ. Таа форма послужила како модел за етрурската, потоа и за латинската буква *P*, која во класично време ги споила вертикалните црти и со тоа се изедначила со *ῥῶ* (> P). За да го диференцираат, пак, *P* од *П*, Римјаните му додале на *P* уште една цртичка (*R*) која од средината на стеблото косо се

спушта в десно. Глаголичката буква ꙗ (покон) личи на *πῖ* од западногрчките алфабети со еден орнаментален додаток на издадениот дел од горната десна страна и една цртичка што како кај ꙗ (наш) излегува од средината на стеблото в лево. Погоре укажавме и на можната врска со *Б*, звучен билабијал, со кој образува фонетски пар на звучен ⱃ (*Б*) и безвучен ꙗ (*П*) лабијален оклузив.

III **енеада:**

ь р

Феничанскиот *rôš* (r) е позајмен во грчкиот алфабет во неговата оригинална форма и со иста гласовна вредност. Отпрвин и во грчкото писмо оваа буква била свртена налево, но кога започнала да се употребува техниката на βουστροφηδόν и да се вртат буквите и надесно, на среќно, била утврдена стандардната класична форма на *Р*, позајмена и во кирилицата. Во глаголицата грчкото ῥῶ е вертикално свртено како во огледало и овалната петелка дошла на долната десна страна од буквениот столб (ь). За неговата бројна вредност (100) и можното симболичко значење в. горе (т. 2).

ꙋ с

Ткадлчик, кој на секоја глаголичка буква ѝ наоѓа модел во грчкиот унцијал, оваа буква ја објаснува со спротивставено спојување на две верзални сигми ⊂ ⊄ зашто единичната сигма во грчкиот при извесни околности, во зависност од тоа каков глас следи по неа, има и звучен изговор *Z*, сп. на пр. κῶσμος (козмос), σβήνυμι (збеними), а удвоената сигма има секогаш безвучен изговор. Со оглед на тоа што покрај аглестата верзална сигма се употребувала и варијантата *С*, оваа, удвоена спротивставено, била употребена во горниот дел на буквата, па се добила формата на глаголичкото ꙋ (слово) со круг во горниот дел и триаголник во долниот. Тоа теоретски не би било невозможно за еден ерудит каков што е Константин Философ, но претставува мошне сложена операција. Многу е поекономично и поблиску до менталитетот на христијански мисионер којшто имал за цел на прост начин нагледно да им го објаснува на неуки луѓе апстрактниот догмат и совршенство на Света Троица. Свртената вертикално, пак, буква ꙋ (слово), со триаголник во горниот дел и круг во долниот, е со фонетска вредност на *И* (бројна вредност 20), кое заедно со *С* (200) е честа кратенка за *Ис(ус)*. И ова е двосоставно како десетеричното ıже (ꙋ), што укажува на двојната, богочовечката природа на Исус Христос, која не може да се сфати без Света Троица.

ѻ т

Грчкото ταῦ е со вертикално стебло како во феничанското писмо. Во глаголицата е позајмен само горниот хоризонтален дел, а според Ткадлчик глаголичкото т(в)ръдо е преземено од хоризонталната пресечка на Θ (*theta*). И таа има на краиштата цртички што се спуштаат надолу право или накосо кон цен-

тралниот дел на буквеното тело ⰲ. Бидејќи во солунскиот словенски говор овој аспириран безвучен дентал бил изедначен со *Т*, Константин го зел знакот ⰳ со двојна вредност: аспириран и неаспириран безвучен дентален оклузив. Потоа, како што спомнавме истиот нацрт е употребен уште во шест други букви: ⰶ, ⰷ (нжє$_1$ и нжє$_2$), во *М* ⰾ двапати, ⰼ *Л* и ⰽ *Ж,* а таа е искористена, како што спомнавме, и во формите на ⰻ *О,* ⰹ *Е,* ⰺ *ъ,* ⰻ *ь.*

ⰿ оу / ȣ

Ткадлчик овде гледа грчки верзален ὐ-ψιλόν (Υ), кој може да се употреби и самостојно и како составен елемент на дифтонзите со α и ε, а со *О* дифтонгот подоцна преминал во монофтонг *У*, што е пренесено без промени и во кирилицата. Во глаголицата самостојниот ὐ-ψιλόν (Υ) со консонантска вредност е употребен како нацрт на *В* (ⰱ, третата буква од азбуката), а како диграф ⰿ (двојно *О*), одговара на византиската грчка лигатура од ο и υ, ȣ – за вокалот *У*. Овде треба да се одбележи и варијантата на *ижица* ѵ – ⱁ со вокалска вредност *У*, еднаква со онаа на диграфот *У* – ⰿ оукъ.[45] Во некои ракописи *(Мар., Зог̄р., Син. п̄с.* и др.) од десна страна на глаголичкото ⰿ оукъ излегува мала хоризонтална цртичка на крајот завиена надолу. Не може со сигурност да се установи дали е тоа индивидуална писарска одлика, или во првобитната глаголица немало таков елемент. Во *Киевските листови* таа не фигурира.

Јотираното *У* (ⰾ, ю) исто така потекнува од грчкиот Υ од неговата формална страна, а за фонетската в. долу гл. VI, т. 2.

ⰲ ф

Во глаголичките текстови има, главно, две варијанти за грчкото *Ф*: ⰲ и ф. **А**. Првата варијанта ⰲ се јавува во две форми: а. *Постарата*, со продолжен корпус, и наклонета за 45% влево ⰲ така што со пресечката да формира крст, одн. Х, се употребува редовно во *Киевските листови* и во *Зографското ев.* Ткадлчик смета дека таа е постара од б. *вертикалната*, која по форма се доближува до *thēta,* а се употребува во подоцнежни споменици; во некои ракописи (*Клоцовиот зборник, Синајскиот п̄салтир* и др.) дури е наведната надесно ⰲ. **Б**. Втората варијанта е употребена еднаш во *Киевските листови* од првиот писар во латински зборови: *prĕfacija,* а личното име *Felikita(s),* не *Felicita,* го пишува со *Ф* од постарата форма на првата варијанта. Писарот веројатно сметал дека името е грчко, па и латинското *С* го предал со грчка *кап̄а,* транскрибирана со глаголица.

[45] Називот оукъ е веројатно од подоцнежно време и не би можело да му се припишува на Константин-Кирил и еврејското *lamed,* чие значење е синонимично со она на *'ālep*, т.е. 'учење, (по)оук(а)', како што се обидува Вереекен (о.с.) да го објасни, е подоцнежна интерпретација.

Грчкото билабијално и аспирирано *ph* уште во првите векови од новата ера придобило гласеж на лабио-дентален фрикатив *f,* што дава повод да се заклучи дека *φεῖ* и во грчкиот така се изговарало. Бидејќи во словенскиот нема аспирирани консонанти, грчкото *φεῖ* (= *ph*) е позајмено само со првиот лабијален елемент *Ре* (П, сп. горе т. 4).

Ѯ χ

Едни палеографи (сп. Ткадлчик, 2000, 18) наоѓаат нападна сродност меѓу *Г* **ѳ** (**глаголь**) и **Ѯ** (**хѣръ**). Други (сп. Илчев *К.-М.Е.* I, 507) претполагаат дека за **Ѯ** (**хѣръ**) на Константин му послужила за модел латинската буква *h,* или коптското *ϧ*. Во азбучниот ред тоа доаѓа зад *Ф*, што дава повод да се помисли дека и гласовната вредност му одговара на грчкото *kh.* Меѓутоа, неговото име во глаголицата (**хѣръ**) и употреба пред меки вокали (хероувимски), го доведува во сомнение таквиот заклучок. Има уште една варијанта за *Х,* **ѧ** *јаковиѳно ch,* со кое се пишува **хлъмъ**, **хвала**, што одговара повеќе на грчкото χεῖ. За двојното *Х* ќе стане збор и подолу (гл. VI т. 3). Разликите во нацртот на буквите не се само формални варијанти, а кријат и некои посебни фонетски содржини.

Ѻ ѡ (**отъ**)

Во *Киевските листови* и *Маришкото ев.* буквата **Ѻ** (**отъ**) не се среќава. Во други споменици (*Зогр., Асем., Син. евх.* и др.) се употребува во интерјекции **олє**, **оχ**, **он**. Називот ***отъ*** е објаснет од Ткадлчик како извик: *о(ле) тъ*. Но се чини дека поверојатно овде има лигатура со *Т,* кое се крие во украсните крукчиња на буквата. И во кирилицата најчесто *омегата* се јавува во лигатура со *Т.* Прашање е дали триаголникот под омегата **Ѻ** во *Прашките листови* (2b 3) е само украс, или има и некое симболичко значење.

Ѽ ш

Куљбакин, Фортунатов, Вајан, Хам и др. сметаат дека буквата претставува лигатура од *Ш* и *Т*, но од формална страна многу повеќе личи тоа на спој од *Ш* и *Ч,* за што има и текстолошки докази[46] а ќе стане збор повеќе во следната глава.

Ѵ ц

Безвучното **Ѵ** (**цн**) образува пар со звучното **ѕ** *dz* (**ѕѣло**). Левата страна со горна полукружна петелка што се спушта косо надесно е како во *dz,* каде што има обратна насока – од десно косо в лево и дијагонално го сече трапезот или вертикално го дели триаголник. Во **Ѵ** (**цн**) е образуван агол од 45% со друга црта што се спушта од десно в лево. Гласовната вредност на **Ѵ** (**цн**) е *ts,* а на **ѕ** (**ѕѣло**) – *dz.* За модел можело да послужи семитското *ṣade* **ⵚ**.

[46] Сп. П. Хр. Илиевски, *Светила незаодни,* 199, 315–38.

IV **енеада:**

ⱋ Ч

За нацртот и значењето на ⱋ *в.* горе т. 2.

Ш ш

Првобитно *Ш* се пишувало само во горната половина на редот, а подоцна, како и во кирилицата, ја зафаќа целата ширина меѓу линиите на редот. Ткадлчик смета дека **Ш** (ша) било развиено од унцијалната грчка βῆτα со замена на кружните форми во аглести. Но врската со еврејското *šin* (ש), кое наполно соодветствува и од формална и од фонетска страна, не смее да се исклучи. Во грчкиот алфабет Константин не можел да најде модел за сите словенски гласови, па се послужил со решенија и од други писма.

ⷪ, ⷫ ъ, ь

Знаците за полувокалите *јор* и *јер* во глаголицата се надоврзани на буквите за *О* и *Е,* а меѓу себе се диференцирани со издадената рачичка од средината на буквеното јадро в лево, која на крајот завршува кај *јор* со обесена петелка, а кај *јер* – само куса цртичка што се спушта надолу.

ⷭ ѧть/ѣть

Оваа буква ⷭ, пресечена горе верзална *алфа*, а на средина поделена хоризонтално, потоа долниот дел е поделен и со вертикална цртичка, која веројатно претставува *јота*, со право може да се објасни како прејотирано *а (ä).* Во моравскиот дијалект се разликувало ѣ од ѧ: мѣра, ѧгода (етимолошки различни), а во Солунско гласежот на ѣтъ и ѧ бил изедначен (*ä*), па затоа во глаголицата двата гласа се предаваат со една буква ⷭ. Во кирилицата, подоцна тие се диференцирани со одделни букви: а, ѧ и ѣ.

*

Од горното се гледа дека Константин создал ново писмо, наменето за литургиска употреба. Не презел ниедна буква непроменето од туѓи писма. Инспирација и идеи црпел од повеќе извори, најмногу од грчкиот алфабет, но оформувањето на буквите му е оригинално во негов стил. Промените се толку големи, што моделите станале непрепознатливи. Во структурата на некои букви менувал елементи, ги вртел од лево надесно, или од горе надолу и обратно. Во оформувањето на буквите за словенските гласови *ш, ч, ѕ* појавил послободен однос. Бидејќи немал модел за тие гласови во грчкото писмо, се послужил со идеи од други графички системи и личен изум.

Широката филолошка и графичка ерудиција на Константин-Кирил се забележува во повеќе знаци. За илустрација ќе го спомнеме примерот со лигатурата на *Ш* и *Ч*, која по форма, речиси наполно се совпаѓа со знакот сличен на тризабец од карискатa и други малоазиски азбуки, чија фонетска вредност во јонскиот е *ss*, во атичкиот *tt,* а добиена е од консонантските групи **tj* и **kt'*, како

и старословенското *шч*, чиј континуитет продолжува до денес во охридскиот и други јужномакедонски говори.

Така било создадено првото словенско писмо, кое со симетричноста на елементите во буквите, со усогласеноста на нумеричкиот систем, а особено со точноста на графемско-фонетската соодветност (в. долу гл. VI, т. 1–3), ги надминува и грчкото и латинското писмо.

Графолошки специфики во глаголицата

7. Од синоптичкиот преглед на азбучните текстови, како и од анализата на знаците, видовме дека во глаголицата има „варијанти“, на прв поглед „двојни знаци“ за исти гласови, као на пр.: Ⰾ оукъ и Ⰸ *ижица*; $Ф_1$ (ⰲ) и $Ф_2$ (Ф)*;* X_1 (Ⱋ) и X_2 (ⱋ)*; малата носовка* Ⱋ (ⱑ)*:* а. лигатура од *јесть* Ⱋ и знакот за *назалност* и б. само *назалниот показател* Ⱋ. Има колебање и во графемата за големата носовка Ⱋ (ⱑ). Покрај вообичаениот начин за предавање на овој глас со *О* (Ⱋ) и знакот за назалност (Ⱋ) се среќава и бележење со диграф од *А* + *назалниот показател* (ⰰⱋ). На еден знак, на пр. Ⱌ (щ), му соодвествува состав од два гласа: Ш (*ш*) и Ⱍ (*ч*), како во грчките Ξ (ξ) и ψ. За предавање на гласот *И* има дури три знака; за *ѥры,* пак, нема посебен знак, а се предава со диграф (ⰵⰹ) од задниот *јер* (ⰵ) и *јота* (ⰹ). Тоа се проблеми врз кои се запирале истражувачите од самиот почеток.

Горе одбележивме дека различните форми на една буква не се секогаш формални варијанти, а најчесто означуваат нијанси на гласот претставен со нив. Поради тоа овие случаи ќе бидат предмет на подетална анализа во следната глава, каде што се третира прашањето за функцијата на буквите во глаголицата и за нивната графемско-фонетска соодветност. Овде нив ги спомнуваме бегло само како графемски особености, а подолу (гл. VI, т. 2 и 3) ќе се задржиме повеќе на нивната фонетска вредност.

Во контекст знаците на глаголицата се пишуваат со ист размер; тие се еднакво високи, а малку се пошироки. Обично не ја преминуваат горната и долната линија на редот, само иницијалите се повисоки и некои од нив уметнички украсени[47]. Текстот се пишува во scriptio continua. Единствен знак за интерпункција е точка, која може да биде удвоена (:), утроена (:·), па дури и четворна (: :). Кирилицата ги презела од грчкото писмо и сите акценти, спиритуси и други дијакритички знаци без реална потреба во изговорот на словенските зборови. Такви знаци во глаголицата нема. Заради заштеда на просторот во глаголи-

[47] Иницијалите и орнаментиката иако се составен дел од текстот, излегуваат од рамките на една филолошка расправа. Тие се подробно анализирани во специјални трудови, сп. на пр. М. Харисијадис, „Грчко-словенски врски на подрачјето на македонската ракописна орнаментика“, *Словенска писменост. 1050-годишнина на Климент Охридски*, Охрид 1966, 111–127; Љ. Васиљев, „Глаголическая традиция в инициальной орнаментике славянских кирилловских рукописей древнейшего периода“, *Symposium Methodianum*, Regensburg, 1985, 347–365 и др.

цата и кирилицата скратено се пишуваат некои зборови, најчесто nomina sacra и нивни епитети, а со посебни надредни знаци, *титли*, се одбележени местата на изоставените букви. Со титли се означува и нумеричката вредност на одделните букви. Но има и обратни случаи: титлата е изоставена над кратенките, а се појавува и таму каде што нема скратени зборови, одн. изоставени букви (сп. илустрации на текстови со *глаголица*, сл. 28–30).

Оваа практика е позајмена од грчкиот графички систем. Така, наспроти Θεός – θ͡ς во кирилица бг҃, во глаголица ⰱⰳ, наспроти κύριος – κ͡ς – гд҃, ⰳⰴ, наспроти πατήρ – πη͡ρ – оц҃ь, ⰻⰲ҃ⰻ, Ἰησούς – Ἰ͡ς – нс҃, мч҃ = мѫченикъ, гл҃ати = глаголати, ст҃ѣи = свѣтѣи, чк҃ъ = человѣкъ итн. Овој начин на пишување, навистина, скратува простор, но од друга страна причина е за многубројни грешки во преписите ако случајно препишувачот не успевал правилно да ја разреши кратенката и погрешно да го прочитал зборот.



Текст од *Синајскиот евхологиј* и вињетка со имиња на кирилица
(според П. Ђорђић, *Историја српске ћирилице*, стр. 237)

Лигатурите од по две-три букви во глаголицата се среќаваат многу почесто отколку во кирилицата[48]. Преку 35 различни видови лигатури, најмногу

[48] H. G. Lunt, "Ligatures in Old Church Slavonic Glagolitic Manuscripts", *Slavistična Revija* X, 1–4, 1957, 253–267.

меѓу *М* и *Л*, се употребени во *Синајскиот Псалтир*, а меѓу *Т* и *В* околу 60[49]. Такви се јавуваат и во најстарите досега познати споменици. Така, во *Синајските* и *Киевските листови* има лигатури, на пр. мѧсеца марта (сп. илустр.)[50], каде што се среќаваат и надредни букви врз спојот, и тоа често свртени наопаку, сп. и лигатура на *П* и *Р* пак таму. Често се спојуваат (преплетуваат) консонанти со *В* во *Асемановото ев.*, *Синајскиот евхологиј* и др. Стандардна лигатура е ѿ щ, во врска со чиј состав се поделени мислењата на славистите; според едни од *Ш* + *Т*, а според други од *Ш* + *Ч*, како рефлекс од **tj, *ktj* (повеќе за тоа в. долу). Типични лигатури се и знаците за *назали*, образувани од *Е* и *О*, кои се поврзани од десната страна со *назалниот индикатор* Є.

За одбележување палатализираност на консонанти (*р', л', н'*) пред меки вокали создаден е посебен знак – *пајерок* (апостроф). Во *Зогр. се употребува многу често* (в. долу сл. 29), а се среќава и во други ракописи (*Ас., Рил., Син. евх.* и др.).

Од горното излагање може да се види дека глаголицата, генијална творба на Константин-Кирил, била поставена на солидни филолошки и идеолошко-културни основи. Таа е видлив говор во слики, а наедно и говор што се слуша, поучува и просветува. Анализирајќи ги графемите, формалните одлики во нацртот на буквите, и покрај сета нивна апстрактност и стилизираност, препознатливи се основните христијански симболи, обликувани во еден софистициран стил. А за нивното адекватно предавање на словенските гласови ќе стане збор подолу (гл. VI).

Промени во писмото

8. Во самиот почеток при употребата на ова прво словенско писмо и правопис неизбежни биле и извесни промени, главно, во фонетската вредност на одделни букви, а можеби и во нивниот облик. Неоспорен факт е дека за база на глаголицата ѝ послужил словенскиот говор од Солунско, којшто го знаеле Браќата уште од своето детство, а со лица на кои тој им бил мајчин дијалект, како што укажавме, можеле да бидат во контакт и подоцна во Битинија (Мала Азија) за време на престојот во манастирот Полихрон. Константин успеал точно да го пренесе гласежот на тој говор во својата азбука. Но кога го применил тоа писмо во друга дијалектна средина, кај моравските Словени, се покажале и разлики во изговорот на одделни букви. Така на пр. знакот *Шча* (ѿ) и *Ѓерв* (ѩ), со првобитен изговор *шч, ѓ,* како што е и до денес во јужномакедонските говори, рефлекс од **tj,* kt',* пар на *g'* од *dj,* во Моравија имал фонетска вредност *c* (*ts*), *z,* и *sč* (сп. О. Недељковиќ, 1971, 82). Но нема докази дека фонетските разлики на одделни словенски дијалектни региони условиле промени во обликот на глаголичките букви.

Сепак, макар и од еден бегол преглед на најстарите глаголички споменици – епиграфски и ракописни текстови, се забележуваат варијанти во нацртот на исти знаци. Тоа е сосема разбирливо, прво, со оглед на широката територија на која се среќаваат тие споменици: Преслав, Охрид, Бохемија,

[49] M. Altbauer, *Psalterium Sinaiticum, An 11th century Glagolitic Manuscript from St. Catherine's Monastery, Mn. Sinai,* MANU, Skopje 1971, VIII–XIII.

[50] M. Pantelić, "O *Kievskim* i *Sinajskim listićima, Slovo* 35, 1985, 31s.

Киев, Новгород, Добруџа и Хрватска. Па дури и во еден ист регион, на пр. во Преслав, се забележува таква разновидност. Натписите во преславската тркалезна црква, кои се многуслојни и од подолг период (крај на IX до крајот на X век, па и подоцна) покажуваат значителни промени во надворешната форма на буквите[51], а истовремено и во редот на буквите од четвртата енеада.



Глаголички текст, fol. 7a од *Киевските листови*
(сп. П. Хр. Илиевски, 2004, 106)

[51] Читањето и цртежите предложени од И. Гошев, „Развитие на негръцките кирилометодиевски буквени знаци в т.нар. кирилица“ *1100 години слав. писменост (863–1963),* София 1963, 275–286, се надминати.

Транслитерација на текстот од fol. 7a
на *Киевските глаголички листови*

Споменикот се состои од седум пергаментни листови со црковни служби од западен ред. Се сметаат за едни од најстарите сочувани текстови, напишани на глаголица. Потекнуваат од X или почетокот на XI век. Овде, на лицевата страница од л. 7, е предаден дел од службата на сите Небески сили:

мьшѣ о вьсѣхъ небесьсккы
хъ силахъ: пом(о)лімъ сѧ·:
б(ог)ъ іже ны молитвы ради
блаженыѧ б(огороди)цѧ і прісно
дѣвы маріѧ: і блажены
хъ ради анѣелъ твоіхъ . і
вьсѣхъ небесьскыхъ сіла
хъ : и апостолъ . и мѫче
нікъ . і прѣподобьныхъ .
і чістыхъ дѣвъ . и въсѣхъ
свѧтыхъ твоіхъ моли
твамі . прісно ны възве
селілъ есі : просімъ тѧ
г(оспод)і . да ѣкоже ны чьстімъ
чьсті сіихъ на всѧ дьні
милостьѭ твоеѭ дазь
намъ присно наслѣдоваті .
небесьскыѧ твоѧ силы :
г(осподь)мь наш(и)мь : над
оплат(о)мь :
даръ сь принесены тебѣ г(оспод)і
вьсѣхъ свѧтыхъ небесь
скыхъ силъ ради : і вьсѣ
хъ свѧтыхъ . твоіхъ рад(і).



Глаголички текст од *Зоѓрафскоѿо евангелие*
(според A. M. Schenker, 1996, 264)

Транслитерација на една страница од *Зоѓрафскоѿо четвороевангелие*

Македонски споменик од крајот на X или почетокот на XI век, се чува во Народната библиотека во Санкт-Петербург. Содржи архаични фонетски црти:

омекнување на консонанти (напр. н) пред палатални вокали, сп. поне҃же, о н҃ихъже), а од друга страна се забележуваат и иновации: губење на ерот (сп. мнози, всѣхъ, псати) и замена на ь од ъ во придавскиот суфикс -ьн- (извѣстънъıхъ, славънъı). На десната маргина од листот има запис на кирилица што покажува дека биле во употреба двете азбуки: начѧльнъıи дрьжавьниѵ(е). Под него, пак со кирилица е одбележено евангелското четиво на *Зачатие на св. Јован Крстител*: во дни он(и) бъıс(ть)...

Овде, на л. 131 се предава почетокот од Евангелието по Лука, гл. 1, ст. 1–5:

еванѣелие
отъ лоукъı:
(1) поне҃же убо . мнози наѧшѧ .
ѵинити повѣсть . о извѣ
стънъıхъ въ насъ вештехъ .
(2) ѣкоже прѣдашѧ намъ . бъıвъ
шеи искони самовидьци .
и слугъı словеси . (3). изво
ли сѧ и мьнѣ хождьшю . и
спръва по всѣхъ въ исти
нѫ по рѧду псати тебе .
славънъı т҃еофиле . (4) да ра
зумѣеши . о н҃ихъже нау
ѵилъ сѧ еси словесехъ .
оутвръжденье . (5) бъıстъ
въ дьни ирода ц(ѣса)рѣ . юденска



Глаголички текст од *Асемановото евангелие*
(според A. M. Schenker, 1996, 266)

Транслитерација на една страница од *Асемановото четвороевангелие*

Македонско четвороевангелие од XI век, напишано со обла глаголица. На оваа страница од л. 43. се содржи текст од крајот на 3 до крајот на 4 стих од 18 гл. и четиво за 10 недела по Педесетница, од 14 до 20 стих на 17 глава. Од ја-

зичните особености на споменикот треба да се одбележи неетимолошката употреба на еровите: ь се пишува зад *к* и *г*, ъ доаѓа на местото од ь зад *р*, отсуство на малиот јер во крајна позиција. Но од друга страна паѓа в очи архаичната употреба на беспредложниот локатив: томъ часѣ. На горната маргина има кириличен запис за денот во неделата кога се чита ова евангелие и гласот од октоихот: не(дѣля) . і : свѣс . і а̑ глас а̑ :: в̑ : рядь. На десната маргина има уште еден запис на кирилица: ева(н)геле : на евтапападо : ѕ : - (евангелие за служба со 7 свештеници). Во транслитерација со кирилица текстот гласи:

а

(Мат. 18.3) вь ц(ѣсарь)ство не
б(е)сное . [4]. иже бо
сN смѣрiть
ѣко и отроуN се .
ть есть болнн
въ ц(ѣса)рствнн
н(е)б(есьнѣе)мъ ⁘
нед(ѣля) і̑ по л̑ ев(анг̑елне)
о(т) м(ат)ѳ(ея) гл(ав)а р̑н̑д̑ ⁘-
въ оно в(рѣмя) (Мат. 17.14):
у(ловѣ)къ е̑терь при стжпi кь
нсоу(с)оу . клaнѣ
я ся емоу и
гл(агол)я. (15) г(оспод)і по
мнлоуі с(у)на мо
его . ѣко на нов
ъı м(ѣся)ця бѣсъноу
ет(ь) ся і зьлѣ стра
ждетъ . множі
цеиж бо падает
на огнь . і мно
гашті въ во
дж . 16. і привѣс
і къ оученикомъ
твонмъ і не в
змогошаіцѣ
літі і . (17) ѡт
вѣштавъ же

б

нс(оус)ъ рече . ѡ роде
невѣренъ і ра
звраштенъ . до
колѣ въ васъ
бждж . до колѣ
тръпліж въı .
приведѣте мн і
сѣмо . (18) і запрѣ
ті емоу нс(оус)ъ . и
изнде из него бѣ
съ . и нцѣлѣ отро
къ томъ часѣ .
(19) тогда прнстж
пьше оученiцi
къ нс(оу)соу едино
моу рѣшя. по чь
то мъı не въ
змогохомъ і згънаті его
(20) и н(соу)съ же рече нмъ
за невѣрьство
ваше - амнн̑ъ г(лаго)лиж
вамъ . аще нма
те вѣрж акъı
зръно горошьно .
рече те горѣ сен
прѣнді отъ сж
дѣ тамо . и прѣн(дет).

Промени во глаголицата се забележуваат и во нејзиниот систем на пишување. Во најстарите глаголички текстови, како што се гледа од *Киевскиӣе листови* (сп. П. Хр. Илиевски, 2004, 92–109), буквите се нижеле под горната линија и виселе надолу, некои од нив закачени макар само со една рака или првче, како што забележува Т. Екхарт[52]. Во *Зоӣрафскоӣо еванӣелие, Мариинскоӣо еванӣелие* и други глаголички текстови од Охридскиот книжевен центар, меѓутоа, се употребува дволиниски систем за пишување, што претставува иновација под влијание на грчкото писмо кое имало долга традиција на Балканот[53], особено во Македонија. Моравската, бугарската и македонската глаголица е, главно, облеста, а хрватската и бохемската – аглеста.

Но најголема промена што настанала не долго по оформувањето на првото словенско писмо, неоспорно, е замената на глаголицата со кирилица. Во североисточна Бугарија таа замена била извршена кусо време по пристигањето на Методиевите ученици на Балканот за време на кнезот, подоцна цар Симеон, византиски воспитаник[54], а во другите краишта на словенскиот свет, со исклучок на Хрватска, постепено до XII век. За разлика од глаголицата, која е лична творба на Константин-Кирил, кирилицата, наречена така во негов спомен[55], имала долг и постепен развој, кој не бил така едноставен.

Црноризец Храбар во својот трактат *О ӣисьменехъ*, станува во заштита на едно, ново словенско писмо. Тоа можело да биде само глаголицата. Кирилицата, која во околу две третини од својот состав содржи грчки букви, не била нова. Покрстените Словени на Балканот се служеле со грчко писмо, но „без оустроенїіа“, т.е. кирилицата уште не била оформена во времето на Храбар. И нејзината појава е обвиена во тајни. Адаптацијата на туѓо писмо е постепена и, главно, анонимна.

Познато е дека по прогонството од Моравија, еден мал број на Методиевите ученици (Климент, Наум и Ангеларијј) успеале да стигнат во тогашната бугарска држава, каде што, како што спомнавме, биле радо прифатени од бугарскиот кнез Борис. Тој им овозможил добри услови за работа и тие ја продолжиле книжевната дејност на глаголица прво во старата престолнина Плиска.

---

[52] Th. Eckhardt, o.c. 1955, 77–80. Авторката изразува сомнение дали овој атектонски начин на пишување можел да биде предвиден веќе при создавањето на глаголицата или е секундарна појава, обид на некој анонимен писар да воведе нов ред кој не нашол следбеници.

[53] Вј. Штефаниќ, о.с., 1966, 21.

[54] Има претпоставка дека кирилицата била создадена во почетокот на осумдесеттите години од IX век кога Методиј на покана од императорот го посетил Цариград и таму оставил свој ученик, можеби Константин, подоцна еп. Преславски, но конкретни докази за тоа нема.

[55] Називите се од подоцнежно време. Во почетокот писмото било познато само под името „словенско писмо“. Во Русија глаголицата била наречена *коуриловица* како што се гледа од еден запис на Упир Лихой во *Генадиеваӣа Библија* од 1057 год.: „слава тебѣ, господи, ꙗко сподоби мѧ написати книгоу си ис коуриловицѣ кнѧзу володимиру новѣ городѣ кнѧжащю, во Новгород.

Но по 7–8 години од нивното пристигање на бугарскиот двор се случила значајна промена. На Црковно-народниот собор, одржан во Преслав во 893 година, биле донесени три важни решенија: а. на кнежевскиот престол, по отстранувањето на Расате којшто сакал да го врати паганството, бил доведен помалиот (третиот) син на Бориса, Симеон, високообразован и енергичен човек; б. реформа за „прѣложенїе книгъ“, спомнато и во други историски извори, кое, според едни историчари значи замена на грчките книги со словенски, а според други учени, замена на глаголицата со кирилица и в. ракополагање на св. Климент Охридски за прв словенски епископ, со што се востановувала словенска црковна хиерархија наместо грчката.

Епиграфскиот материјал од спомнатата тркалезна црква во Преслав дава драгоцени податоци за почетната фаза од развојот на кирилицата. Општа констатација е дека првобитната кирилица претставува грчко-глаголичко писмо. Заедно со 24-те букви од грчкиот унцијал, во реформираното писмо се употребени 14 букви од глаголицата за бележење на специфичните словенски гласови кои, по зборовите на Храбар, не можат да се пишуваат со грчки букви. Паѓа в очи фактот дека буквите за словенските гласови: еровите ь, ъ, ѣ (ѣ), назалите (ѧ, ѫ) во кирилицата се обликувани со триаголници.

Во нацртот на негрчките букви уште од најстарата фаза се забележува еволутивен процес. Тие имаат малку поособена форма отколку во глаголицата. Со текот на времето тие буквени знаци сè повеќе се оддалечувале од глаголичкиот прототип, а од друга страна во глаголички ракописи од Македонија и Хрватска има продор на грчки букви: *М, Н, О, Т, И* и др. Во источна Бугарија до крајот на XI век кирилицата била, речиси, наполно оформена и вршела експанзија и во други словенски краишта. Во Преслав се среќаваат паралелни графити на глаголица и примитивна кирилица. И во други делови има сведоштва за една коегзистенција во прво време на глаголица и кирилица и тенденција за што поголемо доближување на нивните системи. Има сигурни докази од епиграфски наоди дека во североисточна Бугарија во X и XI век сè уште се употребувале паралелно глаголицата и кирилицата (сп. Славова, о.с. 1999). Под византиско културно влијание и византиска политичка доминација во XI век грчкото писмо сè повеќе навлегувало во глаголицата. По зборовите на Штефаниќ (о.с. 22s.) „победоносниот óд на кирилицата бил запрен во Хрватска, што значи дека таму била веќе одомаќена глаголицата, а отпор ѝ дало и латинското писмо“.

Стилизираните и симболични форми од глаголицата им изгледале необични на писмените луѓе што го знаеле грчкото писмо и тоа можело да биде една од причините за краткотрајниот век на глаголицата и за релативно брзата победа на кирилицата. Реформаторите, пак, на писма што се развивале како кирилицата постепено, се анонимни. Во тој процес имале удел повеќе автори. Со право се претполага дека Константин Преславски имал најголем удел во составувањето на кирилицата.

Податокот во краткото житие на св. Климент Охридски од Хоматијан за тоа дека Климент измислил нова азбука, појасна од онаа на Кирила, треба да се

земе со резерва (в. долу гл. VIII). Да беше ја создал св. Климент кирилицата, зар би продолжил тој и понатаму да се служи со глаголица? Фактот што од него основаниот Охридски книжевен центар со голем број негови ученици и последователи, ја продолжил моравската глаголичка традиција, за што сведочат најстарите ракописи од овој крај, пишувани со глаголица, го демантира исказот на Хоматијана, кој во своето житие очигледно сака да му припише на светителот поголеми заслуги.

Кирилицата и по нејзиното дефинитивно оформување често подлежела на различни промени. Фонетскиот развој на средновековниот македонски наоѓал одраз и во писмото. Покрај графичките варијанти на македонските книжевни центри: Охридски, Лесновски и др. од нашиов терен, во кирилицата на староцрковнословенскиот јазик проникнувале и странични влијанија од различни правописни рецензии: рашка, ресавска, руска и др. Но сите тие внатрешни и надворешни промени на кириличното писмо, како специфичен графички систем заснован врз фонетскиот принцип, се минимални во споредба со стабилноста која може да се следи низ еден вековен континуитет како што може јасно да се види од секој палеографски албум со кирилични споменици од најстаро време до денес. Руската рецензија на црковнословенскиот, во чија основа лежи кирило-методиевскиот јазик од Македонија, и денес е во употреба кај сите православни словенски народи.

Само во јужна Македонија, чиј словенски говор во IX век му послужил за основа на св. Кирил за староцрковнословенскиот јазик, словенската кирилична писменост била потисната од грчката. Во периодот на отоманската доминација, особено во XIX век, овде се пишувани македонски текстови со грчко писмо, како пред времето на словенските првоучители.